**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Продолжение на 86-та седница на Собранието на Република Македонија,**
**одржано на 25 октомври 2001 година**

Седницата се одржа во сала I во Собранието на Република Македонија, со почеток во 14,15 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, да видиме дали можеме да почнеме.

Молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Продолжуваме со работа по 86-та Седница на Собранието на Република Македонија.

На седницата присуствуваат 62 пратеник.

Пратениците Слободан Даневски, Јордан Бошков, Благој Хаџиски и Ванчо Чифлиганец ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на Седницата присуствуваат мнозинството пратеници и Собранието може да работи.

Минуваме на точката 1 - Верификација на мандати на пратеници во Собранието на Република.................

(Процедурално бара збор господинот Замир Дика)

Молам, за збор се јави господинот Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Колку што сме известени од пратеничката груап од ПДП барањето за да почне седницата во 14,оо часот, беше по нивно барање, а тука не гледам ниту еден пратеник. Дали добивте известување дека завршиле со координацијата?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи имаме 62 пратеници, ве молам да почнеме со работа по првата точка а потоа ќе се вратиме на тоа.

Ве молам да ги верифицираме мандатите.

**ЗАМИР ДИКА:**

Причината за прекинување на седницата вчера и причината за координација сигурно постои и сигурно треба да се изјаснат тие што барале и да кажат зошто вчерашната седница беше прекината.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, тие бараа одлагање во 14,оо часот, ми се јави господинот Зибери, одложи до 14,оо часот, потоа прашавме дали завршила нивната работа, завршила и сега ние ќе продолжиме, а кога ќе дојдат ќе дадеме образложение.

**ЗАМИР ДИКА:**

Тогаш, господине претседателе, јас ќе побарам пауза 15 минути во име на пратеничката група.

(Реагирање на пратениците)

(Во салата влегува пратеникот од пратеничката група од ПДП)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имаме законска обврска да ги верифицираме мандатите. Дајте да ги верифицираме мандатие, а после ќе ви дадам пауза. Може ли така?

(Реакција на пратениците од место - може)

**ЗАМИР ДИКА:**

Тие пратеници пред или после 15 минути пак ќе бидат, нема да биде проблем. Еве господинот Ризван Сулејмани .................

Господине претседателе, проблемот е што пауза се побара за таа координација, бидејќи имавме забелешки по дневниот ред. Таа забелешка сигурно треба да се каже. Сега ние ако почнеме по дневниот ред без да се чуд забелешката на пратеничките групи кои бараа пауза и поради кои се прекина седницата вчера, мислам дека нема да биде во ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во тој случај јас ја прекинувам седницата и продолжението ќе го закажам кога ќе дојдат да ни ги кажат забелешките. Не може така. Како можеме да работиме?

**ЗАМИР ДИКА:**

Проблемот е за 5 минути да не почнеме ......, за 5 минути е проблем.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не, бев известен дека ви завршила координацијата.

(Влегуваат во салата пратеници од пратеничката група на ПДП)

Во овој случај треба ли пауза или не треба пауза?

(Не)

Ве молам да продолжиме.

Продолжуваме со работа.

Процедурално за збор се јави господинот Чедо Петров.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, го име на пратеничката група Нова демократија бараме од Министерството за внатрешни работи во текот на утрешниот ден, доколкуј продолжи работата

на Собранието на Република Македонија, да ни достави информација за 12-те македонски киднапирани цивилни граѓани.

Македонската јавност од овој настан навистина е потресена и згрозена и не можеме ние како пратеници тука да молчиме и да продолжуваме со работа за сите овие работи што ги договоривме да продолжиме да работиме, а вистината како полувистина или како сомнеж да ни биде соопштувана, или да бидеме подготвувани како пратеници или како граѓани на РМ, дека ова грозоморно убиство, доколку е така, не би сакал никој од нас да биде така, меѓутоа, ако е така, сакаме вистината да ја слушнеме од официјалните лица на МВР во текот на утрешниот ден.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се разбира, дневниот ред е утврден и сега ние не можеме да го проширувaме со вакви работи. Барањето е оправдано, меѓутоа, требаше вчера да биде поставено, а вчера донесовме одлука да не се проширува дневниот ред.

**ЗАМИР ДИКА:**

Ви благодарам господине претседателе.

Значи, вчера беше прекината работата на седницата по барање на две пратенички групи за да се усогласи дневниот ред. Имено, забелешката беше во тоа дека во решението за свикување на седница во втората точка гласеше дека оваа седница која допрва треба да почне, треба да биде усвојувањето и прогласувањето на уставните амандмани. Кога беше прочитан дневниот ред од ваша страна зборот "прогласување" недостасуваше. Сега, без да навлегувам во тоа дали беше тоа намерно или не намерно, ние баравме дас се прекине седницата и имавме една координација кај вас каде што вие не известивте кои беа причините зошто се предлага сега нов предлог само усвојување на овие уставни амандмани и зошто се бара друга седница каде што ќе биде само прогласувањето како свечен чин на уставните амандмани.

Ние имавме координација, нашата пратеничка група, исто така, ако ми дозволат и во име на пратеничката група на ПДП, имаме ист став по ова прашање и бидејќи прашањето е многу важно и за да не одолговлекуваме сега фаќајќи се сега во овие процедурални забелешки, кои се навистина и фактирани, јас за да продолжиме понатаму предлагам Собранието да донесе еден заклучок пред да почне седницата, во кој заклучок ние како Собрание ќе се обврзиме после завршувањето со третата точка, која е усвојување на амандманите на Уставот на РМ, ќе се свика 87-та седница на која ќе биде само една единствена точка на дневен ред - Прогласување на уставните амандмани и по завршувањето на на 87-та седница ќе можеме дса преминеме на 4-та и 5-та точка.

Ова го предлагаме за да нема никакви можности, процедурално уште повеќе да се одолговлекува или опструира текот на уставните амандмани, а после ќе си дојде 4-та и 5-та точка.

Мислам дека би требало и би апелирал до другите пратеници, овој заклучок да го прифатат, затоа што Ќ9 се обезбеди тоа што е ваша стратегија на одржување на седници и редот на работите, а од друга страна сите ќе знаме дека навистина процедурално нема да има некои игри, затоа што ако преминема на 4-та точка - Предлог на закон за грб на РМ, знаејќи како се одолговлекува исто со Референдумот, можеме и тука 10-15 седници додека не завршиме со 4-та точка, па 3-та точка друга седница.

Мислам дека е логично нашето барање, да усвоиме еден заклучок пред да започнеме, да после 3-та точка ќе се свика, кога ќе се свика вие тоа ќе одлучите, 87-та седница со единствена точка на дневен ред, прогласување на уставните амандмани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е во име на двете пратенички групи. Само сакам да ви обрнам внимание дека вчера вие прифативте координаторите 5-та точка да ја разгледувама после разгледувањето на 9-те амандмани само. Тоа е договорена работа. Вашиот предлог предлагам да се преформулира, да се однесува само на 4-та точка која може навистина многу време да одземе. Ако прифаќате така, да го дадам на изјаснување.

**ЗАМИР ДИКА:**

Господине претседателе, тоа беше еден предлог да таа точка 5-та се разгледува после втората точка, но ниа сега имама, зборувам за процедурата, имаме дневен ред. Имаме прва, втора, трета, четврта и петта точка и сега ако гласи само усвојување на амандманите во третата точка, тогаш нашиот заклучок треба да гласи дека после завршувањето на третата точка, ние ќе свикаме..................

**СТОЈАН АНДОВ:**

После завршувањето на третата точка, се оди на четвртата, бидејќи договорот претходно важи петтата да оди напред.

**ЗАМИР ДИКА:**

Тоа беше како џентлменски договор, па ќе видиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е договор на координацијата, ве молам. Ве молам со господинот Дика да се разбереме.

**ЗАМИРДИКА:**

Значи, ние треба заклучок да донесаме, тој заклучок треба да гласи, наш предлог е, после завршувањето на третата точка ќе се свика 87-та седница со единствена точка на дневниот ред - Прогласување на амандманите на Уставот на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Договорот важи.

Господинот Петров Чедо. Процедурално бара.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Господине претседателе, од името на Нова демократија предлагам сличен предлог од господинот Замир Дика, само овој пат да закажете нова седница 87-та седница, на која ќе добиеме информација од Министерството за внатрешни работи за киднапираните 12 граѓани цивили на Република Македонија. Петнаесет граѓани на Република Македонија.

Мислам дека ова барање е издржливо и дека бара итна информација ова Собранието и граѓаните на Република Македонија. Пред продолжување на оваа седница или доколку почнеме денес, пред почетокот на продолжението на оваа седница, доколку не закажете нова седница, 87-та седница, на која ќе ја добиеме информацијата, бидејќи дневниот ред е утврден на оваа седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега, од постапката сега би требало да се изјасниме за дадените предлози, нема расправа по дадените предлози. Да се разбереме, нема расправа по тоа. По предлозите кои се дадени. Треба да се изјаснуваме.

Пак сакам да ви укажам на некои околности. Мене не ми смета било каков заклучок. Да не направиме противречни заклучоци кои ќе ја блокираат работата на Собранието. Затоа ве молам зошто ме обврзувате со ваши заклучоци, ќе свикам седница како што си тече проблематиката и како што си се наметнува по потреба. Оставете да си закажуваме седници како што им е редот. Се разбира, кога ќе завршиме со усвојување на амандманите, јас ќе ја закажам седницата за прогласување, тоа е најнормална работа. Меѓутоа, оваа седница што ја предлага господинот Петров ако се развијат во непожелен правец настаните, можеби ние ќе бидеме принудени навистина итна седница да закажеме, можеби ќе не принуди и оваа седница да ја прекинеме. Така да, немојте, дајте да видиме што ќе се случува, како ќе се случува и така да одиме. Верувајте, треба да се почитуваме во тоа. Јас предлагам така да постапиме, а да ги имам сите овие предлози. Има збор господинот Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Господине претседателе, овој наш предлог, наша сугестија е токму тоа, затоа што беше јасно дека седницата беше свикана за усвојување и прогласување на уставните амандмани. Вие повикавте, сите повикаа на разбирање, затоа што мислиме дека е подобро тоа да биде на една друга седница и во тој однос на разбирање, ние само сакаме еден закучок да донесеме и тоа не обврзувачки, вие кога сакате ќе ја свикате 87-та седница, но заклучокот да го прифатиме. Мислам дека така *ќе* се респектираме меѓу себе. Тоа е во контекст на разбирањето меѓу себе и ги замолувам и другитге пратенички групи да го изгласаат овој заклучок и така да се респектираме меѓу себе. Вие сакате ние да ве респектираме, а тоа мислам дека не во ред. Така се договоривме и ова е дефинитивен заклучок на две пратенички групи и мислам дека и вие треба дас апелирате овој заклучок да се прифати.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ќе ни избега ситуацијата од раце. Тоа не е добро.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Јас сакам само една дилема пред Парламентот, бидејќи се обидуваме да ве задолжиме со заклучок за наредна седница за прогласување на амандманите. Само да поставам прашање - што правиме ако не се усвојат амандманите?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Заклучокот е откако ќе се усвојат. Ако не се усвојат, не се усвојат. Не е тоа проблемот. Проблемот е што ќе направиме преседан однапред да ги .............

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Господине претседателе, дадовме конкретен предлог за кој што бараме закажување итна седница за добивање на информација од МВР за состојбите со 15-те киднапирани цивилни лица. Со оглед на предлог на господинот Дика, до кога недоверба секогаш се има од таа страна, а се бара од нас да веруваме секогаш. Која е таа недоверба толку голема.

Остануваме при барањето за итна седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Процедурална забелешка има госпоѓата Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван претседателе, јас би сакала, доколку е можно со оглед на тоа што дневниот ред веќе е утврден и Собранието конечно треба да почне со својата работа, доколку е можно нешто да помогнам.

Тао што го бараат двете пратенички групи, мислам дека е во ред, меѓутоа, мора да

постои доверба. Ова Собрание не може колективно со заклучоци, бидејќи тоа Деловникот не ни го дозволува, да ве обврзуваме со заклучоци да свикате седница. Може вас да ви се верува и да не ви се верува само на зборови, инаку, ако тргнеме по тој редослед тогаш и господинот Чедо Петров ќе биде во право и тогаш и тој тоа што ќе го бара од вас како претседател на Собранието, ќе бара да го заклучиме со заклучок, што е сосема ирелевантно на процедурата и на Деловникот по кој ова Собрание ќе работи.

Она што претставува составен дел на Договорот, а кое што можеме во овој момент да го направиме со гласање, е единствено да направиме инверзија на точките 4 и 5, со гласање и тогаш ќе биде составен дел на Договорот. Тоа не нужно, меѓутоа може да се направи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Претпоставувам дека сите имате намера да почнеме да работиме и да почнеме да ги решаваме прашањата со кои сме соочени, а кои се и тешки и деликатни и носат емоционален набој, носат и голем ризик, се разбира. Меѓутоа, ние сме пратеници во Собранието и ние сме тие што ќе работиме, нема кој друг. Колку и да одлагаме,. пак ние треба да работиме, пак од нас тоа мора да биде сработено и не може да се седи овде, а да не се соочиме со сите тие работи за кои зборувам.

Затоа, сепак, предлагам, дајте ние да си работиме по дневниот ред кој е сега и немаме потреба никаков заклучок сега да донесуваме. Можете веднаш да предложите таа седница да се одржи тука и тн., со барање тогаш што ќе го доставите. Со тоа се решава тој проблем процедурален. Многу е непријатно, ако почнеме сега да се натфрлуваме да ја проектираме работата на Собранието и да ги утврдуваме дневните редови од некои идни седници, кои идни седници и какви да бидат седниците, наместо да се занимаваме со тоа што ние мораме денес да го сработиме по дневниот ред кој е сега.

Затоа, ви предлагам ова што сте го заклучиле, што е ваш став на двете групи, да го имате вие на ум, еве го публикувавте, го кажавте овде, ќе водиме сметка за тоа, ќе гледаме тие работи да ги обезбедиме ама да не го правиме во формален заклучок, оти тука почнува веќе една трка на заклучоци, при што немам право на никого предлогот да го ставам ад акта само заради тоа што едните, да речеме, се повеќе пратеници или помалку пратеници и тн. Затоа, ви велам ајде да останеме на ова да работиме.

Повторно се јави господинот Чедо Петров.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Господине претседателе, вие бевте еден од гласноговорниците и ултиматомот кој што го поставивте дека ова Собрание нема да почне со работа, доколку не се дознае судбината на киднапираните лица. Ние остануваме при својот предлог и доколку се стави предлог заклучокот што го даде господинот Дика за заклучок на седница, ќе останеме на својот предлог. Доколку не, ќе одиме согласно правилникот,статутот кој што е на Собранието на Република Македонија и во писмена форма ќе бараме итна седница за добивање на оваа информација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, значи вие го повлекувате предлогот за заклучоци.

Господинот Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Благодарам господине претседателе, ако судбината на тие луѓе зависи само од еден предлог, очигледно е дека господинот Чедо Петров, ова не е супстанцијално, затоа што ако ја поврзува тој судбината на тие луѓе само со еден мој заклучок, значи толку е искрен господинот Чедо Петров за судбината на тие луѓе и сметам дека тоа е некоректно да се поврзуваат работите.

Господине претседателе, овој заклучок не произлегува, затоа што ние сакаме некој инает да тераме или имаме некоја наша стратегија. Овој наш предлог произлегува од тоа, затоа што ние бевме повикани со решение и како пратеничка група и како политичка партија се подготвивме за тоа дека во оваа 86-та седница, точката 2 ќе биде усвојување и прогласување на амандманите. И, сега, направивме еден процедурален преседан.

Второ, исто така направивме една грешка во процедура вчера и тоа никој не го забележа затоа што избрзавме. Кога беше усвојувашето на Законот за грб на Република Македонија, ние не гласавме за итноста туку директно го поставивме како точка на дневен ред. Ако вака продолжиме со процедурални наши игри и тн., не се гласаше. Ако вака продолжиме со процедурални надмудрувања, незнам каде ќе стигнеме. Затоа, нашата забелешка беше во овој контекс да се задолжиме, не да се задложиме, туку тоа е морална обврска, затоа што вие кога сакате ќе можете да ја свикате 87-та седница или никогаш можете да не ја свикате, тоа е ваше процедурално и деловничко право. Во тој контекс беше и не сакав да се надмудруваме сега околу нашиот заклучок кој треба сега да го донесеме. Да беше се во ред, бидете убедени дека немаше ни заклучоци да предложиме ниту ништо друго, туку ќе продолжевмем,затоа што навистина сме заинтересирани, овој процес што побрзо да оди. Ако вака правиме преседани, верувајтв! ми дека незнам кога ќе стигнеме да ги прогласиме тие амандмани и за судбината на овие исчезнати луѓе. Исто така како и за овие инциденти кои деноноќно ни се случуваат, што побрзо и поефикасно да ја завршиме нашата одговорност и дури тогаш да може да се соочиме со тиа проблеми. Ако ние вака продолжиме со процедурални преседани,

верувајте ми дека овие проблеми ќе се мултрициплираат и ние навистина ќе сносиме еден дел од одговорноста поради оваа ситуација. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега ги прошируваме приговорите.

За итноста на предлогот на ВМРО-ВМРО се гласање, а потоа се гласаше и за дневниот ред. Ќе ви го дадам резуктатот од ова што овде Стојменов го образложи и го гласавте.

Господинот Абдурахман Алити.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Со најдобра намера да помогнам во разрешувашето на овој спор, предлагам едно компромисно решение. Бидејќи, седниците на Собранието според деловникот ги свикува претседателот на Собранието и тоа не е спорно, јас мислам дека оваа работа можеме да ја премостиме со едно јавно дадено ветување од ваша страна сега тука дека, штом ќе заврши дебатата по амандманите ќе свикате седница за прогласување на измените на уставот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас и инаку намеравам да свикам седница штом ќе се усвојат амандманите. Навистина намеравав.

Дали е тоа довослно. (Доволно е)

Молам, коа, го промостивме.

Одиме понатаму.

Господин Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Претпоставувам дека во врска со заклучокот и продолжувањето со седницата веќе се разбравме и веројатно со вашата изјава јавна, но јас се јавив за да се вклучам во тоа што беше предлогот на госпоинот Чедо Петров. Тоа не е на расправа, меѓутоа, ако веќе се инсистира на такво нешто веројатно тоа нема да биде точка, но слушам дека ако се откажува добро. Ако не јас дополнително сакав да се произнесам дека, вое господине претседателе пред неколку дена јавно видовме дека добивте информација од Министерот за внатрешни работи во врска со киднапирањето се околу тоа. Ако е веќе така, а вие сте претседател, воедно и пратеник а ние како пратеници и вие како наш претседател ако имате информации доставени на маса односно ги имате тие информации, тогаш редно е тие информации да ги имаме ние пратениците, со тоа што без ограничување 12, 14, 15, туку сите информации за се што е киднапирано односно за сите тие што не знаеме каде се наоѓаат. Дали се во полициски станици, дали се на друго место и тн. Да не ограничувате, како што тоа го прави господинот Петров, јас мислам дека тоа не е добро. Ако веќе такво нешто има тогаш тоа да важи за сите граѓани на Република Македонија кои мислиме а веќе знаеме и имаме сознанија дека се исчезнати.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ние сега не смееме да навлегуваме во расправа, затоа што тоа е сосема друго прашање и ќе морам да кажам само една напомена. Како киднапирани јас ги сметам и за тоа го поставувам прашањето, само оние личности, цивили кои не биле на воена или безбедносна задача, биле без оружје, кога се одведени од страна на униформирани лица со униформи на ОНА кои биле вооружени. Значи, само за оние за кои се знае дека се одведени и киднапирани, а не исчезнати. Исчезнати има и други и тие неможам да ги поставам, не знаеме каде се тие. Овие не се исчезнати, овие се киднапирани. Тоа е проблемот. Но, сега за тоа ние да не навлегуваме во расправа, информацијата можам да ви кажам дека постои едно ветување дека во текот на оваа недела или почетокот на идната недела ова прашање ќе биде разјаснето или разрешено и затоа сега не би го кандидирал кое може сега да ни смета нас во работата.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Не се согласувам со вашиот коментар господине претседателе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не го дадов јас на усвојување, тоа е мое лично мислење. Никој не мора да се согласи. Вие задржете си го нашето мислење. Господин Лазаров Илија.

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ:**

Почитуван претседателе, колеги пратеници, сметам дека не се исполнети елементарни услови за да се одржи оваа седница од следните причини. Полно услови донесени со Охридскиот договор не се остварени. Еден од нив е најбитниот, прво, не се вратени на позициите на 5 јули терористичките качачки банди. Тие растураат, пљачкаат, убиваат сеуште низ тетовскиот крај. А, беше еден од елементарните услови тие да се вра тат, божем беше разоружана ОНА, а пукање повеќе од кога беше вооружана. Сега незнам под каков се притисок и незнам дали вие добивате закани, меѓутоа, од нас, јас сум барем тој што добива закани од нив и да ви кажам искрено под таква пресија, тешко е да размислуваме објективно. Мислам, за да се одржи оваа седница, прво, треба да се создадат нормални услови за да ги оладиме главите и да можеме да размислуваме. Вака, под оваа пресија многу тешко е да се работи. Еве, два дена гледаме што се прави, се сака со сила нешто да се изнуди. А, кога ќе дојде ред и да се гласа, можеби ќе гласам, ама ова е под притисок што го правам. Тогаш ќе барам македонската јавност да си ја земе работата во свои раце и да ги среди работите. Неможе, божем демократија кажуваме, а правиме притисоци, за да се остварат некои мрачни цели на некои луѓе. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да се разбереме, имавме две средби со координаторите. Ниеден од координаторите не рече дека немаме услови да работиме. Туку,

нешто друго. Имаше некои разјаснувања околу таа точка 5 кога да се расправа за неа и се договоривме околу тоа. Околу дневниот ред, еве, се договоривме сега, има една иницијатива да се донесе заклучок и изјавата што ја бараше господинот Алити, јас ја кажав. Според тоа, сега немаме, од она што сме расправале со координаторите за текот на седницата и одржувањето на седницата, немаме никаква пречка да продолжиме. И господинот Петров може да се изјасни и да почнеме да работиме, друго нема.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Господине претседателе, Нова Демократија останува на иницијативата за одржување на итна седница и тоа ќе го стори со писмено барање како што е редот согласно Деловникот на Собранието на Република Македонија. На ваша чест и морална подобност, одговорност, ваше е дали вие ќе оцените и ќе ја свикате оваа седница итно, а ние очекуваме дека навистина ќе ја свикате оваа седница и оваа информација, ова Собрание на Република Македонија и граѓаните на Република Македонија ќе добијат одговор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, јас никого немам потреба да уверувам колку ми е чесен односот кон ова прашање. Ова прашање јас го држев дежурно, додека сите вие немавте никакви предлози или идеи, ама еве и сега пробајте ме и ќе видите.

Одиме понатаму.

**ФАТМИР ЕТЕМИ:**

Почитуван претседателе, би ве замолил да имате принципиелен став во врска со киднапираните и исчезнатите лица. Бидејќи нема разлика меѓу киднапиран албанец или македонец, дали е киднапиран од ОНА или од безбедносните сили на Македонија. Ние имаме точни информации дека има киднаприани од безбедносните сили на Македонија со поткрепени изјави, очевидци, а тие луѓе уште ги нема. Тоа е уште поголем преседан од државна институција да се киднаприраат цивилни граѓани на Републиката. Затоа, доколку ги поставите овие работи треба за сите што се киднапирани или исчезнати да разговараме. Бидејќи вие вака се однесувате, давате повод и ситуацијата тука да излезе од контрола. Со вашето тактизирање давате простор и ситуацијата да ви излезе од контрола. Вие и порано од седни-ците прокламиравте дека прогласувањето на амаднманите ќе ги условувате со некои ваши лични барања што не е принципиелен став за еден претседател да условува за свикување на седницата, заради личен став. Мислам дека тоа не е во ред. Доколку дојде на дневен ред и јас тука поставив пратеничко прашање пред еден месец за сите киднапирани и исчезнати од Министерството за внатрешни работи. До ден денеска тој одговор го немавме. Некој можеби сега се сетил. Меѓутоа, требаше и порано да се сети да се сетат не само за неколку лица, туку за сите лица што се киднапирани и исчезнати. Тие лица јас ги кажав тука со имиња и презимиња, но за жал досега немаме никаков одговор. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро да не навлегуваме во тоа, вие добро знаете јас ја објавив и листата на оние лица за кои добив податоци дека се киднапирани. Таму има 12 од македонска националност, односно од македонско етничко потекло и тројца се од албанско етничко потекло. Други не сум добил и не сум кажал.

Сега одиме понатаму.

Минуваме на точка 1.

Верификација на мандати на пратеници во Собранието на Република Македонија.

Извештајот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања Ви е поделен.

Отворам претрес по извештајот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања.

Има збор претседтелот на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања. (Не е тука)

(Пратениците бараат пауза)

Кој е известител на Комисијата?

Дали има известител Комисијата.

Господин Спасов.

Ве молам да го ислушаме господинот Спасов.

(Пратениците гласно зборуваат дека тој не е овластен да зборува.)

Добро, ако не е овластан, некој ќе се јави и ќе го оспори.

**ГОРГИ СПАСОВ:**

Комисијата за мандатно-имунитетни прашања на својата седница одржана вчера го усвои извештајот на Државната лзборна комисија за изборите одржани во Изборната единица 73 и 74 и констатира дека му препорачува на Собранието да го верифицира мандатот на новоизбраните пратеници од редовите на Социјалдемократскиот сојуз Магдалена Антовска и Јани Макрадули. Извештајот беше усвоен едногласно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Го ставам на гласање извештајот и предлогот на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања.

Ве молам да гласаме.

Гласале 79 пратеници, од тоа за гласале 77 пратеници, воздржано гласал 1 пратеник и против гласал 1 пратеник.

Констатирам дека Извештајот и Предлогот на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања се усвоени и дека со тоа е извршена верификација на мандатите на пратениците Магдалена Антова-Велевска и Јани Макрадули.

На госпоѓата Антова-Велевска и на господинот Макрадули им честитам и им посакувам успена работа овде во Собранието.

(Аплауз)

Давам пауза од 15,00 минути.

(Пауза од 14,55 до 16,10 часот).

Констатирам дека во салата се присутни 67 пратеници. Според тоа, присуствува мнозинството од пратениците и Собранието може да работи.

Минуваме на точката 2 - утврдување на Предлогот на амандманот V на Уставот на Република Македонија.

Отворам општ претрес.

Дали некој бара збор?

Збор има г-ѓа Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Г-дине претседателе, дами и господо пратеници,

Уставната комисија, по делот од амандмнаите ја заврши својата работа. На Уставната комисија условно договорено немаше ниту еден амандман и покрај тоа што таа е собраниско тело на кое што треба да се усогласуваат различните ставови. Можеби различните ставови да се усогласат за да Собранието може поисправно односно да може поефикасно и поефективно да ја заврши својата раота.

Причина поради која што Уставната комисија и да сакаше немаше да има можност да ги разгледува амандманите, беше неприсуството на предлагачот.

Сакам процедурално да Ви поставам вам прашање, као претседавач на оваа седница, кој треба да се грижи за законитоста, за законито работење на Собранието.бидејки имаме мноштво на амандмани кои што претставниците немаат овалстување да ги прифатат или одбијат, дали оваа седница што ќе тече со или без присуство на предлагачот на уставните амандмани?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Претсавниците се во полн капацитет на претставници можат да прифатат или одбијат амандман на амандманите. Претседателто на Републиката најверојатно ќе дојде. Но, во овој момент сепак има кај него некоја друга обврска и некој активност што сега не е во состојба.

Молам, кој друг бара збор.

Има збор г-динот Филип Петровски.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Г-дине претседателе, дами и господо,

Би сакал да изнесам мои ставови во врска со Петтиот амандман и на почетокот сакам да се извинам на сите присутни и на сите кои можеби не слушаат во државава, бидејки не сум подготвен да го зборувам она или тоа што многумина овде присутни сакаат да го слушнат.

Напротив, денеска сакам да изразам незадоволство од водењето на процедурата и незадоволство од капитуалцијата што државата Македонија и макеоднскито народ ја прават во овој значаен историски момент и во врска со амандманите што се пред нас како и Петтиот амандман. И, не само амандманите, туку и во врска со целиот, таканаречен, Мировен договор како што некои милуваат да го наречат. Ми се чини дека повеќепати зборував за тоа колку овој договор во кој што амандманот V е составен дел или произлегува од тој договор е мировен и дали овој договор на крајот ќе заврши со мир или со незнам што друго. И, дали целата оваа процедура ќе резултира навистина со мир или е тоа навистина една голема лага со која што се перат мозоците на македнците само за да влетаат во не знам чии и не знам какви намери и шеми.

Ние, во овој период од нешто повеќе од месец дена откако ја завршивме претходната фаза, ја слушнавме јавноста, ги слушавме размислувањата, ги слушнавме негодувањата, меѓутоа мислам дека она што го имаме пред нас, не земаме во предвид многу од тие негодувања и, така што не ми преостанува ништо друго, освен повторно да изразам незадоволство кога станува збор за Петтиот амандмна.

Ќе си земам за право да прочитам некои делови од јавната расправа и да се обидам да ги коментирам, така како што ги разбирав јас и да прочитам некои делови од образложението то ни го испраќа претседателот на државата. Мене, тие во многу ми делуваат и ми наликуваат на спротивставени оценки. Незнам зошто е та така. Нека просуди составот на Собранието кога ќе гласа. Меѓутоа, пак ќе кажам резултатите од јавната дискусија по нацртот на амандманите што ги добивме од Комисијата за уставни прашања на Собранието и образложението, односно дописот што го има Собранието од претседателот, мене ми делуваат како многу спротивставени, многу различни. Како да се работи за два различни света. Како да се работи за две различни материи, како да се работи за црно и бело.

Така што, во образложението, претседателот, што го допира и амандманот V стои дека ,се раоти за дописот во кој што се доставени амандманите V, VI, X, XI, XVI и XVII,

имаме образложение, кое што, меѓу другото нема да го читам цело, меѓутоа се објаснува дека иммаме нацрт амандмани кои што претставуваат соодветна уставно-правна транскрипција на Рамковниот договор што е постигнат од лидерите на четирите партии под покровителство на претседателто од областа на уставната материја.

Вторито став, во кој се вели дека земено во целина уставните амандмани претставуваат измена на приближно 12% на Уставот на Република Македонија.

Првото несогалсување што сакам да го изложам е дека станува збор за промена на 12% од Уставот, ако се земат сите амандмнаи на куп. Сите добро знаеме дека со амандманот IV се предвидува промена на преамбулата, амандманот V зборува за утврдувањето на материјата како ќе се зборува, за службени јазици, амандманот VII за црквата, понатаму воведување на комитет за меѓунационални односи, незнам какви,па на крај да завршиме со амандмнаот XVIII, каде се утврдува консензуална демократија.

Сакам да поставам прашање, јавно да го поставам, не барам никој да ми одговори, дали овие спомнати работи, од преамбулата, преку црква, јазик, комитет, па завршување со консензуална демократија може да се сметаат за 12% или за приближно речено една деветина од промена на Уставот? Јас мислам дека не. Мислам дека овие работи што се пред нас, овие образложенија, овие оценки, овие резултати од јавната расправа и на крајот и нашето саопствено и лично мислење како пратеници, бидејки имаме право на тоа, покажуваат дек ане станува збор за 12% промена или приближно 12, да ги земам точно зборовите од она што го имаме како допис до нас како пратеници. Уште еднаш, не задржувајки се премногу општо на целата оваа материја, бидејки сакам да зборувам за амандманот V сакам само да кажам дека со индигнација можам да отфрлам дека станув азбор за 12%.

Мислам дека станува збор за едно замачкување на свеста, на паметта, на моќта за расудување ако си дозволиме да прифатиме дека се менува 12% од Уставот. Јас веќе зборував за оваа тематика. Само ќе кажам дека сметам, доколку се усвојат овие амандмнаи, вакви какви што се и вклучително амандманот V, дека тоа значи капитулација на макеоднската држава, дека тоа значи крај на македонската држава ваква каква што ја познаваме и дека ќе отвориме еден процес односно можност за процес за некои движења што понатаму ќе резултираат трагично и за оваа држава и за македонскиот народ.

Тука гледав дека тука во ова образложение има желба да се изнајдат решенија, што не е спорно. Јас не сакам да ја омаловажам целата оваа процедура. Не сакам да кажам дека не се направени соодветни напори од страна на претседателот, од четворицата лидери. Не сакам да кажам дека не се соодветни напорите од стран ана меѓународните помагачи. Не сакам да кажам дек анема некои работи што не треба да се поправат. Не сакам да кажам дека сите работи се идеални.

Меѓутоа, апсолутно е несоодветно решението што се нуди. Морам да ви кажам дека, една борба за јазични и за културни права, за некакво недискриминирање и за правична и соодветна застапеност во институциите во јавната сфера односно сите нивоа во јавниот живот е апсолутно нормална и достојна причина некој да ги отвори тие прашања и да дискутира.

Уште еднаш ќе повторам дека се наоѓаме во една ненормална ситуација и дека ние зборуваме како парламент, во Собрание дискутираме амандмани, се обидуваме да ги поставиме сите овие работикако некаков договор за мир, превртувајки ја борбата на јазични и културни права, односно сите овие работи што ги спомнав, да не ги повторувам повторно...

Флоровски, ќе може ли?!

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас Ве молам да се воздржиме, да му дозволиме на г-дин Петровски кој доби збор да доврши.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Значи, уште еднаш ќе кажам, не сакам да спорам дека секој има право да дискутира, односно да отвора полемики, да отвор апроцедури во рамкит ена партиите да промовира програми или во рамкит ена парламентот да бара прашања, да поставува прашања на дневен ред, или ако е учесник во Владата исто така, што се однесува до јазичните и културните права, недискриминацијата, како што реков правичната и соодветна застапеност во институвиите на државата, меѓутоа мислам дека се наоѓаме во една ненормална ситуација да сето ова ние го промовираме и сакаме, да речам, очите широко да ги држиме затоврени, да не кажеме дека се наоѓаме како држава, како поединци, како парламент во состојба н акапитулација да ние го менуваме Уставот , прифаќаме амандмани, дискутираме за тоа дека Македонија го задржува унитарниот карактер како држава во една ситуација во која што знаем еколку мртви имаме, знаеме дека ни е процентуално поседната територија, знаеме дека имаме киднапирани за кои што, еве, јас со големо жалење, не сакам да ги вознемирувам нивните семејства, слушаме претпоставки дек аможеби се измасакрирани, во една таква ситуација мислам дека е во најмала рака или најблаго речено лицемерие ние да кажеме дека станува збор за јазични културни права. Дека

некој немал право па затоа е оправдано да земе оружје во рака, дека една недискриминација, борба за недискриминација на граѓанит еоправдува масакри од типот на Вејце, Карпалак, Вешала, Љуботен.

Мислам дека, сакам и ако можеби влегувам во замка дека можеби некому од тука присутните господа ќе им бидам здодевен, значи ја прифаќам таа можност дека некому ќе му биде одвишок оваа дискусија. Меѓутоа, сакам принципиелно да кажам, како што кажав на почетокот на дискусијата, дека изразувам незадоволство од сето она што се случува во државата. Мислам дека донесување на промена на Устав не повикувајќи се на странски искуства, затоа што знаеме дека во многу држави модерни и повеќе развиени од нас вградена е категорија во Уставот, односно член дека Уставот не може да се менува под воена присила, терористичка закана или при окупирана територија. Тоа ми беше намерата да го изразам незадовлството од водењето на процедурата и да истакнам дека на овој начин државата Македонија капитулира. Исто така и македонскиот народ.

Ова се мои сопствени лични ставови. Предлагам на оние кои ќе сакаат да прават анализи по нарачка, да не ги препишуваат на Партијата, затоа што има работи за кои можеме да разговараме како луѓе кои доаѓаат од партии, меѓутоа има работи кои директно засегаат и во човечкиот, личниот момент, во она што се нарекув аспособност или желба или потреба за анализа, анализа која што на некој начин ќе значи загледување во иднината. Или, давање сопствен личен одговор што ќе ни се случи во иднината.

Оти, ние се изнаслушавме и незнам дури колку сопствениот мој мозок не е испран во меѓувреме, дека е ова договор за мир, дека ќе имаме мир, дека се ова било една голема лага до сега. Некои сакале војна, дека некој сакал да се одржи на власт со тоа што произведувал војна, дека ова била една голема шега, некои дошле со оружје па еве сега го дадоа оружјето, сега си отитоа, дека сите ние ќе живееме повторно и исто ќе ни биде како пред јануари, февруари или да речеме минатата година.

Во една таква ситуација мислам дека сите ние треба да, затоа што носиме голема одговорност, ќе треба да го смениме, ако го смениме Уставот, да дадеме лична оценка, да се загледаме во блиската иднина, но зошто да не и подалечна и да посмислиме што навистина ќе се случи?

Оваа моја дискусија ја презентирам пред иакедонскиот парламент но и македонската јавност затоа што мислам дека и длабоко сум убеден дека се она што го слушнавме како лицемерие, како перење на мозок, како промоција на лагата, дека набргу ќе му истече дејството и влијанието без разлика дали ние ќе го усвоиме или не ова што го имаме пред нас, а многу повеќе ако го усвоиме оти ќе видиме колку е краткотрајна визијата на ова што го имаме вградено тука и дека многу тешко ќе се извлечеме од проблемите што ќе се јават после тоа.

Во таа насока сакам уште еднаш да потенцирам дека не прифаќам, и отфрлам дека овој договор, овие амандмани што се пред нас претставуваат потврда и засилување на унитарниот карактер на македонската држава. Мислам дека У ставот на Република Македонија е таков каков што е и ако на нас ни се наметнува една многу интересна тема во тоа перење на моуок што го имаме, Уставот сеуште не е променет, што значи дека на пример, мала дигресија, македонскиот народ постои во Македонскиот Устав и нема потреба некој тука да ни раскажува приказни дека Македонскито народ ќе се враќа во Македонскиот Устав. Македонскиот народ постои и додека не биде сменет Уставот, македонскиот народ ќе постои, а дали See престане откако ќе биде сменет македонскиот Устав, зависи од тие што предлагаат, ќе зависи од тие што гласаат. Јас длабоко се надевам дека ќе постои и после тоа, но мислам, мала дигресија, споменување на мал пример можеме многу лесно да.сватиме, ако сакаме, дека на нас навистина ни се нуди перење на мозок, ни се сервира една состојба на по секоја цена прифаќање на овој договор и на овој амандман V и дека едноставно нам ни останува единствено борбата за нешто малку тука да промениме за да едноставно нешто спасиме.

Јас апсолутно мислам дека е ова извртување на тезите, мислам дека не можеме со мали и ситни интервенции во смисла на запирки, три точки, извичници и прашалници да кажеме дека нешто сме спасиле.

Треба да го гледаме секој амандман поединечно, меѓутоа и сите амандмани на куп што навистина тие значат, пак ќе кажам, не ја потценувам волјата за да се реши овој спор. Не ја потценувам желбата на тие што нешто правеле и нивната валидноство ова учество. Не ја потценувам желбата за мир. Сите ние сакаме мир. И јас сакам мир, туку навистина го доведувам во прашање ова кога ќе се земе на куп и секој амандман поединечно каде ќе завршиме. Затоа апсолутно мислам дека не треба да ја прифатиме тезата дека ние нешто малку може да спасиме, дека тука со ситни интервенции ќе успееме да се протнеме низ иглени уши, туку ги повикувам сите пратеници и сите што се инволвирани во овој процес да се замислат, да не наведнуваат глава пред сабјата, сабјата за некој може да биде личната совест, за некој може да биде неговиот гласач, меѓутоа, за многумина од нас тоа е меѓународната јавност и диктатот на меѓународната јавност. Во овој случај не важи старата народна "наведната глава сабја не ја сече". Во Македонија се покажа дека наведната глава сабја ја сече. Затоа мислам и предлагам оти тоа нам ни е својствено, јас се држам за тоа

што го има дискутирано претседателот на Собранието, тоа сум го читал во букварчињата, како функционира Собранието, дека ние имаме право да работиме, да предлагам е, да дискутираме и што е најбитно од се ние имаме право да мислиме, никој не може да ни го одземе тоа право на мислење.

Исто така, ние немаме право на капитулација, немаме право во име на некои нејасни цели, во име на перење на мозок да кажеме добро, ние ќе ставиме по некоја запирка. Јас ви кажувам дека решив тоа право да си го задржам и да ги кажам моите ставови иако на крајот на краиштата можам само да се надевам дека некој ќе ме слушне и да мислам и да бидам задоволен дека, ако ништо друго, барем имам свој став.

Во ова образложение ми недостасува, иако тоа може да биде од оваа перспектива и странична забелешка, кога се објаснува дека се заокружува еден либерално демократски систем на индивидуални човекови слободи и права така наречен граѓавски статус со дополнителш заштита на висок степен на прва во делот на културнит идентитет и корпусот малцински права, мене ми недостасува образложение, бидејќи мислам дека е соодветно во една ваква дискусија, во едно прашање од ваков жесток политички интерес и државен интерес мене ми недостасува образложение во која држава, во кој устав или устави или држави, бидјеќи јас не сум доволно стручен, имаме тука стручњаци кои подобро знаат, мене ми недостасува образложение за да можам да одлучам да гласам за, против, или воздржан и по овој амандман, меѓутоа и по другите. Во кои држави, кои се тие држави по можност да не е Гана, Замбија, Уганда, Обала на Слонова Коска, Заир, Мароко, Авганистан, Пакистан, кои се тие западни држави од кои го влечеме искуството кое ни дава за право да бидеме сигурни, дека овој рецепт кој го при-менуваме тука не е експеримент, туку дека ова се некои потврдени работи, дека овие работи се успешни, дека се применети во некои западни демократии, дека се зборува, на два или повеќе јазика во парламен? без притоа да има затегнување на меѓунационални односи. Дека, теророт од малцинството врз мнозинството е верифициран и мнозинството се согласило. Во кои држави процентот од 20 е тој, кој е земен како пример, дали некаде има 15, некаде 25, мислам дека недостасува соодветно објаснување и тоа соодветно објаснување може само да ја намали ефикасноста, доколку навистина треба да бидеме тие што ќе аминуваат и ќе веднат глава, или ако не сакате на тој начин недостасува соодветно објаснување за да бидеме убедени, на овој начин не сме доволно убедени и јас не сум доволно убеден.

Наспроти овие некои образложенија кои ги имаме, јас најдов повеќе валидни оценки за креирање на моето лично мислење или ако сакате за поткрепа на моето лично мислење и на моите ставови во извештајот за резултатите од јавната дискусија, што ни го достави Комисијата за Уставни прашања. Ке ми дозволите нешто од нив да истакнам з атоа што мислам дека може да биде валидно во оваа дискусија.

Притоа, мислам дека нема зошто да се сомневам дека оваа дискусиај е релевантна и објективна, дека не е нечија лага, во смисла дека некој ни подметнал некој материјал, кој на мене треба да ми одговара. Дека не е тоа материјал кој го продуцирале или го измислиле мала група на луѓе нерелевантни, несоодветни само за да задоволат нечиј личен може би партиски интерес или интерес на било каква интерес на групација на луѓе.

Она што го издвојувам јас од начелните забелешки и констатации и што мсилам дека треба да го има во предвид, а се надевам дека го има во предвид секој пратнеик оти мислам дека ги читаат овие материјал дека предложените измени не се резултат на темелно проучување на степе нот на спротведување на Уставот и не се резултат на ангажман на целиот креативен потенцијал на оние што се занимаваат со Уставно право, туку пред се се резултат на еден политички договор кој во овојата при рода има компромис.

Јас нема да го анализирам политичкиот договор и природата на компромисот повторно з атоа што зборував за тоа, м ислам дека е капитулација, мислам дека е кусогледост и мислам дека е несоодветно така што да не ја проширувам дискусијата, да не зборувам по сто пати за иста тема иако може би е потребно стопати да се зборува за иста тема, нешто да ни влезе во глава, и едноставно прифаќам дека предложените амандмани не претставуваат придонес за надградба на Уставот, не се во функција на изградба на граѓанското општество, туку даваат можност или отвораат можност за мирна разврска на македонската политичка воена и економсмка криза, и повторно ќе кажам го земам овој став, го размислувам, го читам, пред сите, меѓутоа, сметам дека и на него може да се приговори оти еднаш веќе реков не сметам дека овој договор кој е тн. само за оние кои сакаат да ни го перат мозокот поради разните шеми во кои се влезени е мирен договор. Овој договор не е мирен, овој договор е капитулантски, овој договор е лош договор за македонците и овој договор ќе биде историска грешка ако низ овие амандмани биде преточен во Уставот и ако со тоа го утврди Уставот онака како што е замислен деновиве дефинитивно з апечатувајќи ја иднината, а и историјата на македонскиот народ. Затоа ќе зборуваме поконкретно кога ќе дојде амандманот IV, Амандманот VII и некои други амандмани.

Да не набројувам кои се институции учествувале, бидејќи знаеме МАНУ, Правен факултет, здруженија, форуми, научни и стручни институции и скро без исклучок е истакнато дека при вакво пристапување кон измена на Уставот или вакви измени од суштинско значење мора и треба да се води сметка за историските факти,

односно непобитните историски факти за создавање на македонската држава и процесот на нејзиното етаблирање во меѓународните односи и нејзиното меѓународно признавање.

Она што мене ме загрижува кога ги питам овие заклучоци односно овој извештај е дека сите оние кои дискутирале тука, а јас не можам да ги омаловажувам како  што тоа некој сака да го направи или како што тоа некој го прави деновиве, сите овие учесници во оваа дискусија предупредиле дека со предложените измени не се з ајакнува граѓанскиот карактер на државата односно на македонската држава, туку се отвора простор за разнебитување на опстанокмот и на развитокот на Република Македонија.

За оваа теза апсолутно сакам да се согласам, тука се и моите стравови, јас не велам дека со мојата дискусија по секоја цена или на секој начин, можам да оправдам дека сум во право, но сакам да кажам, дека имам страв, затоа што ќе се случи со македонската држава и затоа дискутирам на овој начин.

Понатаму, ќе го прескокнам ова што е за преамбулата, ќе дискутирам кога ќе дојде амандманот IV на дневен ред, само да кажам дека предложените амандмани, според анализата наспомнатите институци поединци и се она што беше пратено до нас како пратнеици, освен овој извештај ние имавме извештај и дописи од претседателот поопсежен и попрецизен, сите што се обратиле до него беа пропратени до нас, мисла на дописи, дека едноставно предложените амандмани пласираат елементи на мултиетничка држава, етнички заедници, како основа за иградба на државна власт, а нели сите ние зборувавме за јакнење на граѓанскиот момент односно дека образложението во таа насока, да не се враќам пов торно на нив, дека не одиме во насока на етнички заедници, како основ туку дека одиме во насока на јакнење на граѓанскиот концепт и во насока на заопкружување на либерален и демократски систем на индивидуални човекови права и слободи.

Мене не ми е јасно и затоа реков на почетокот на дискусијата кога ги читав или кога ги анализирав овие два документи како може за една иста материја да имаме толку спротивставени и на крајно различни позиции, толкувања од за мене и во двата случаи валидни толкувачи.

Јас ќе кажам дека понатаму документот односно извештајот вели дека ќе имаме конституирање на институции на системот на етничка основа, ќе имаме право на вето врз етничка основа, ќе имаме регрутирање на составот на полицијата на национално и на локално ниво врз етничка основа, ќе имаме издигнуваље на јазик на едно национално малцинство на ниво на службен јазик, тоа е амандманот V, ќе дојдам подоцна до него.

Уште еднаш ќе кажам дека се нагласува дека ентичките заедници стануваат темелна вредност и основа за структуирање на целокупниот уставен поредок, што според мене е апсолутно неприфатливо, ако се гради граѓанско општество, не можеме етничките заедници да ги прогласуваме односно да ги доведеме на ниво и со вакви промени на Уставот да ги поставиме како темелна вредност и основа во целокупниот уставен поредок. Тоа е токму она што мислам дека на крајот ќе заврши и ќе резултира со колабс на државата, ќе резултира со тотално закочување на државата, па макар преку петтиот амандман, но и преку сите други амандмани ќе го закочи системот, ќе го успори и веќе ништо нема да биде усвоено и развојот апсолутно мислам дека ќе оди во негативна насока.

Апсолутно мислам дека можам да го прифатам односно да ја прифатам оценката дека ваквиот концепт како што го имаме понудено пред нас, Република Македонија ја оддалечува од Европските стандарди, не ја приближува кон Европските стандарди и токму затоа барав или се прашувам јавно затоа што и други луѓе сметаат дека решенијата на Нацрт амандманите се суштински преседант да ни се даде пример кои се тоа модерни европски светски држави кои усвоиле вакви стандарди, го тестирале овој рецепт и можат да се пофалат дека е тоа успешна работа и да ни ја препорачаат на нас. Во случајот мислам дека во спротивно ако не ни се дадат такви примери задржуваме право, а јас посебно, да сметам дека ни е доста од експерименти, веќе четири месеци имаме експеримент на Влада без опозиција, што е исто така преседант и гледам како ни функционираат работите и мислам без разлика што ние по димензија сме може би некое слепо црево на Европа, да не зборувам за светските димензии глобално мислам дека тоа не значи дека ние немаме право на гордост како држава и како народ и да кажеме дека нам ни е доста од експерименти.

Нека одат да експериментираат на друго место. Доста ни е од уцебни те вака ќе  биде те онака  ќе биде,  ќе имало ембарго економски народот ќе бил исрпен. Јас им предласам .на тие кои не уценуваат, да излезат надвор и првите луѓе што ќе ги сретнат, да ги пртресат, и да видиме дали ќе собрат 10.000 денари луѓе. Овој наш народ е сиромашн, исцрпен, измрцварен, измалтретиран и на крајот, после  сето тоа му нудиме и понижувања, му нудиме да нема никаква гордост. Затоа  мислам дека може да се прифати тоа дека Македонија навистина се оддалечува од Европа, а после тоа, ако ги прифатиме овие амандмани, амандманот V и станатите амандмани, ќе дојдеме во една ситуација, освен сето тоа што го имаме како измрцвареност, понижено, сиромаштво, беда, бесперспективност, ќе останеме и недефинирани и како народ и како луѓе кои што немаат иднина и како луѓе кои што немаат историја од тие амандмани кои засегаат и во историјата и ќе останеме навистина, незнам дали може и да се каже и колективитет, ќе останеме една група на луѓе кои треба да завршат мизерно кои што нетреба да ги има. Сеплашам, на крај, тоа навистина сакам да го

спомнам со целата одговорност на тие зборови, дека ако вака заврши процесот како што некои предвидуваат, дека ќа зборуваме после пет 10,15, 20 и 50, ако сакате години, затоа тшо во историскиот процес 50 години не се многу, тоа се одвај две генерации, дека ќе збо-руваме за непостоење на Македонската држава, непостоење на македонскиот народ туку некаков проблем на македонско прапање во овие балкански простори, па ќе тргнеме од Србија, Бугарија, оваа територија кој знае кај ќе отиде, Албанија и Грција , или пак не има и некаде на друго место. Затоа можам да се согласам со оценката дека Македонија се одалечува од Европа а силовито се приближува кон својот крај.

На крај пред да поминам конкретно на амандман V, иако се ова што го зборувам се однесува на амандман V, уште само тоа дека на се ова што тука се нуди како решение, како концепт, и по трет пат ќе кажам, не го спорам значењето на тие што работеле, не ја спорам обврската и можноста и правото на тие што се вклучени во овој процес, да го прават тоа што го правеле, но јас го гледам крајниот резултат од се ова. Значи на крајот сакам да спомнам за тоа дека капак на се ќе биде, а за тоа ќе зборувам подетално кога на дневен ред ќе дојде XVIII амандман, дека консенсуалната демократија, се ова што го зборувам како, условно кажано политичко видување или мисла за тоа каква ќе биде, дека консензуалната демократија ќе го запечати се ова и ќе го трасира патот кон тој крај.

Можам уште да кажам дека, затоа што знам дека овој термин се употребува во амандманот V, заедница, или концептот на заедници, исто така ќе го истакнам во овој момент онаа анализа што ја имаме пред нас директно или индиректно дека едноставно овој термин има чисто етничко значење и дека и тој исто така неоддалечува од тој концепт кој сме си го замислиле и на кој , на кој начин, не му се приближуваме, туку дури и се оддалечуваме. Па јас сакам јавно да запрашам, зошто немаме храброст терминот заедница, што е непознат збор во меѓународните акти, документи, зошто немаме храброст да го употребиме синонимот односно поимот малцинство. Немаме намера ние никого да навредуваме. Во целиот тој рамковен договор во амандманот V и во сите други амандмани, треба да биде разграничено и јасно да стои што се човекови права, што е зајакнување на граѓанските слободи,. што е чекор напред. Меѓута треба јасно да се знае што е малцинство, што е мнозинство, бидејќи купишта хартија пред нас стојат многу жртви паднаа. Ние неможеме да затвараме очи и да кажеме дека денес нема малцинства во Македонија. Има малцинства. Тие што сакаат да бидат заедница, оставаме на тоа нека бидат заедница, меѓутоа се надевам дека јас зборувам конструктивно, поставувам некои дилеми што мислам дека треба да ги имаат предвид пратниците кога ќе одлучуваат за овој амандман меѓутоа и за сите други.

Им предлагам на пратениците во овој трет состав да имаат храброст и сите исправени пред сопствената историска одговороност да знаат дека треба, или да предлагаат, или да прифатат дека синонимот заедница треба да се замени со синонимот малцинство или малцинска група до колку станува збор за малцинства, или ако станува збор за Македонскиот народ, мнозинство или македонски народ. Незнам зошто овие работи се камен на сопнување, освен ако не се бара оправдување, или ако не се подготвува терен , за она што го зборувам дека ќе дојде како нареден чекор за деградирање на државата, за дезинтеграција, за промовирање на концептот Голема Албанија, големо Косово, или незнам што, голема Србија, голема Бугарија. Значи отворено може да зборуваме. Не станува збор само за еден концепт. Затоа мислам дека треба да бидеме внимателни и на крајот, ако сакате треба малку и храброст да се има за да се градат овие работи кои навистина се во меѓународнит документи, прифатени во меѓународна употреба, имено и како одговор на македонските национални интереси дека оваа држава, ние како парламентарен состав сакаме да чуваме, а да ја разградиме, дека несакаме нашите имиња да бидат запишани во историјата, како предавници, туку како луѓе кои одговориле на овој историски предизвик.

Сега ќе ми дозволите во врска со амандманот V да се вратам малку назад, затоа што амандманот V нужно не враќа во поблиската, не тулку одамнешна историја на оваа држава, не враќа на настани кои според мене не се случајни, туку настани кои навистина ни даваат за право да направам една градација и пред да заклучам дека усвојувањето на овој амандман V нема да заврши само со негово усвојување, дека процесот нема да се затвори тука и да ми дозволите да изведам една теза дека други се целите кои се бараат предку овој амандман или кои што се затскриваат зад текстот на овој амандман, дека целите се федерализација со крајна цел, парчење на оваа држава. Јас мислам дека имам право тоа да го угледам, врз основа на овој амандман иако многу полесно, повидлива и поприфатлива е анализата ако се изведе врз основа на целокупниот договор, земајќи ги сите амандмани, или враќајќи се на договорот од Охрид и анализирајќи ги само условите во кои тој беше донесен: етнички чистења, убиства, воена закана, тероризам, едноставно притисок од сите страни. Меѓутоа јас ќе се вратам конкретно на овој амандман и нема да се вратам во 1994 година, на Тетовксиот парауниверзитет, туку ќе се вратам на 1997 год, бидејќи зборував за периодот пред 1997 година, зборував и за 1997 год, меѓутоа мислам дека е потребно да си го освежиме сеќавањето.

Законот за Педагошки Факултет, претходната гарнитура и се она што таа го направи како гарнитура на власт во стимулирање на апетитите кои денес завршуваат во амандманот V, а утре ќе завршат таму во федерализација и крај на Македонската држава.

Можеби некој навистина од оваа перспектива ќе каже дека мешаат микро и макро перспектива, дека перспективата, објективот или универзумот на овие две прашања се многу различни. Меѓутоа, она што беше во 1997 год, борба од страна на едно малцинство за еден таков Закон, она што беше 1997 год, донесување на Закон во ова Собрание, со кој Закон еден факултет го разбиваше 48-от член од Уставот односно некој тоа го толкуваше што е применливо а што не е применливо во сферата на образованието, денес ни завршува како амандман V во кое ние албанскиот јазик треба да го прогласиме како службен јазик во РМ. Значи неможеме ние да зборуваме за нешто случајно, неможеме да зборуваме за нешто што не е подготвувано, неможеме да зборуваме за недостаток на стратегија. Во тој правец на албанците можам само да им симнам капа, можам и да им честитам јавно, бидејќи ако се усвои овој амандман тие направиле се, заокружиле еден процес во сферата на образованието, во сферата на јазиот, тој процес јасно говори каде одат работите, во кој правец, кој дел од една целокупна стратегија зафаќа само еден сегмент во државата, можам да кажам дека се успешни. Тоа што се успешни, никој не ни е виновен освен самите ние.

Јас сакам конкретно да зборувам за амандманот V. На некого тоа можеби ќе му се види како научна фантастика, некој можеби ќе има мала или поголема доза на иронија, кон се ова што го зборуваме, некој ќе каже јас сум експерт па јас подобро знам, вие немате поима што кажувате. Меѓутоа јас ќе си го задржам правото да кажам што мислам ќе си стојам на моите ставови, освен ако не бидам убеден со релевантни примери кој ги барам и освен ако не ми биде презентирана некоја значајна визија дека навистина сум погрешил во тоа што сум го мислел.

Амандманот V вели, во став 2- друг јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, исто така е службен јазик и неговото писмо што е определено со овој член.

Јас реков, мене навистине ми треба потврда зошто 20%, зошто не 5%. Тоа е првата дилема. Зошто се фаворизира едно малцинство со овој амандман. Исто така го поставувам како прашаше. Зошто, ако ние сме деморкати, ако ние навистина сме чесни во нашите намери, зошто не ги направиме службени јазици сите јазици што се користат во РМ. Зошто не се зборува и ромски во Собранието, српски, индијански бошњачки. Сакам да прашам и ги молам колегите албанци да не ме прекинуваат, зошто не се зборуваат сите јазици. Тоа е првата дилема која во себе вградува дискриминација, дискриминација на другите малцинства, бидејќи мене не ми е јасно кој го измислил овој процент 20%, ако не албанците. Кој го измисли тој процент од 20, ако не за албанците, од проста причина што знаеме дека нема 20% срби, ниту роми. Значи прв момент на дискриминација кој што е апсолутно неприфатлив. Или ќе бидеме држава по терк на модерните западни држави каде јазикот ќе претставува елемент или момент на спојување на сите граѓани или етнички групи во една, бидејќи јас незнам дека се зборува на германски во Англискиот парламент, иако можеби ми е несоодветен примерот, затоа што тоа се демократи и по 300 години. Но ако во 300 год, демократија не се покажало како проблем јазикот, односно јазикот ги ингерирал различните групи, тогаш ние треба најмалку во тој правец да ги свртиме нашите погледи. Или пак, ако се оди во друга крајност, ако ние сакаме да експериментираме по секоја цена, за се и сешто, тогаш да се избрише овој процент од 20% и да се каже дека секој јазик што го зборуваат граѓаните на РМ, ќе стане службен јазик. И тогаш имаме теорертски, иако практично неможам да го замислам тоа, теоретски ќе можеме да имаме идеално општество, дека едноставно потребите на граѓаните се исполнети на максимално ниво и дека нема за што да се жалат, барем кога се работи за сегментот на јазикот. Јас мислам дека никој од нас не е подготвен во тој правец да размислува, се ова што го имаме пред нас како амандман V,оди во тој правец дека, како што реков, се подготвува простор за нешто понатака, а тој простор за нешто понатака, на секој оној кој сака да се замисли за проблемите на оваа Македонска држава, му е многу видлив.

Ќе дадам еден краток пример.

Сега во нашиот процес на хипнотизирање на македонските граѓани, на македонскиот народ пред се, кога му објаснуваме дека се бориме да го вратиме македонскиот народ во Уставот, му се кажува, ако го вратиме македонскиот народ во Устав кој нетреба да биде вратен затоа што е запишан во Уставот. Значи ако го вратиме тој народ, тогаш некоја пратеничка група одтука ќе се занимава односно ќе бара легализација на тетовскиот универзитет. Нели ни е јасно дека процесот ќе продолжи и после издвојување на овој амандман. Нели ни е јасно дека станува збор за некакви намери. Нели ни е јасно дека се ова на крај ќе се сведе како на една попатна станица која што, можеби треба да биде последна станица во нечии визии. Меѓутоа на начинот на кој ние колабориме или ја веднеме главата пред сабјата, едноставно ова ќе биде станица некаде во средина.

Сега да бидам малку појасен што значи овој амандман V барем како јас го разбирам.

Овој рамковен договор од 13.VIII.2001 год, во Охрид, не предвидува само амандмани. Иако целиот Рамковен договор беше достапен на македонската јавност и на македонскиот народ, и во исто време му беа достапни многу информации за мир, многу реклами, незнам, не е битно како се викам битно е да има мир, немам работа, ќе има работа после договорот, или договор куќа гради. Им препорачуван на тие што со договорот куќа градат, да им остават адреси, телефон, на сите оние што немаат куќа, па да им

се повратат, да им изградат куќа. Тоа е мала иронија мислам не треба да ми забележите, тоа е иронија од лулка бидејќи незнам на кој начин на тие што постојано ни го перат мозокот.

Да се вратам на Охридскиот договор.

Договорот предвидува амандмани, предвидува промена на Уставот, меѓутоа предвидува уште нешто друго кое навистина сметам дека се протка и не е доволно експлоатирано, или не е доволно анализирано. Тоа мислам дека дури да ги заклучам и за сите овие анализи кои ни ги пратија и претседателот и значии институции и владини организации, значајни поединци, мислители. Договорот предвидува и измени во законодавството, што значи нема ние само да го смениме Уставот, туку дека ќе ја отвориме пандорината кутија која понатаму ќе утврдува многу суптилни иземни кои на крајот навистина ќе завршат со крах на оваа држава.

Да не кажам некој погрден термин, македонска салата, како што не толкуваат во некои западни земји, тоа било кога се било измешано внатре, кога не се знаело кои се состојките. Затоа сакам во врска со овој амандман V да го спомнам анексот Б, односно измените во законодавството. Не е спорно дека треба да се даваат права, дека процентуално треба можеби и да се утврди нешто, но ако биде поткрепено со валидна аргументација која што ја нема. Но, ајде да си спомнеме што ќе се случи во реалност уште во овој парламентарен состав кога ќе се усвои овој мандман V, бидејќи договорот не значи само да го смениме Уставот, договорот значи имплементација и на другите мерки на доверба. Па ги упатувам на оние што го имаат договорот да ја погледнат точката 7 правила за Собранието, а на тие што го немаат договорот пошироката македонска јавност, јас ќе го прочитам тоа. Па, ќе пробам да не го толкувам многу, а ќе побарам сите да си го толкуваат на свој начин па да добијат визија каде ние ќе завршиме на крај.

Седум правила за Собранието. Собранието пред крајот на мандатот на овој состав ќе го измени Деловникот за да овозможи употреба на албанскиот јазик во согласност со делот 6, 5 од Рамковниот договор параграф 8 и подолу, ирелевантните амандмани на Уставот предвидени во анекс А, а тоа е релевантен амандман е амандманот V.

Точка 8 закони што се однесуваат на употреба на јазиците. Собранието до крајот на мандатот на сегашно Собрание ќе усвои нова легислатива која ќе регулира употреба на јазици во органи на Република Македонија. Оваа легислатива треба да обезбеди дека, јас ова не го кажувам како моја потреба од дискриминација. Јас не сакам никого да дискриминирам. Ако Собранието гласа "за" 80 луѓе, а јас гласам "против", тоа ќе биде ирелевантно, ќе биде усвоен овој амандман, ќе се донесат овие закони и работите ќе имаат ново руво, ќе биде излишна целата оваа дискусија. Меѓутоа, додека не е така, јас сакам да укажам на опасностите барем јас како што ги гледам и се надевам дека тие што ќе сакаат да ги исмеваат овие зборови ќе имаат во предивд дека секој од нас има право на сопствено размислување. На пленарни седлици и во работни тела на Собрание пратениците ќе можат да се обраќаат на јазиците споменати во член 7, што значи на официјалните, или како прецизно е кажано: службени јазици. А службен јазик ќе биде оној кој што го зборуваат 20%, а знаеме последниот попис што укажува според процентите кој може да го користи, значи албанците. Што значи дека по слободно толкување во ова Собрание до крајот на овој мандат ќе треба да се зборува на албански, ќе треба да се обезбеди симултан превод и исто така дека сите закони согласно став 2 -2 законите ќе се објавуват на споменатите јазици. Тоа значи дека законите што ги донесе ова Собрание ќе се објавуваат на албански јазик покрај македонскиот. И пак ќе кажам, ниту го спорам правото на тие што предлагаат, ниту го спорам правото на тие што бараат, ама истите тие не можат да го спорат моето право да анализирам и да се плашам, или пак на крајот на краиштата да не прифатам. Јас можам да ви кажам едно нешто, во 1998 година кога се шетавме низ Македонија, кога одевме во сите градови, градчиња, села, кога не поздравуваа тие што ни даваа поддршка, не се сеќавам дека на некој му ветив дека вакво нешто ќе се случи во овој мандат. Затоа мислам дека ние направивме катастрофална грешка што како Собрание го стопиравме, или го одолговлекуваме процесот на изјаснување или барање за референдум. Јас ви кажувам, јас немам мандат вакво нешто да направам. И ова е можеби еден од поминорните амандмани во однос на тоа што се предвидува во другите амандмани. Но, за тоа подоцна. Нели сме демократска земја, нели утврдуваме граѓански слободи, нели заокружуваме еден концепт граѓански либерален концепт во кој што ќе се зголемат поединечните права, нели едноставно одиме напред, се приближуваме кон Европа. Еве, секој мајор од НАТО ни кажува дека утре ќе бидеме членка на Европска унија. Станавме мајорско прашање како држава. Во целата таа ситуација ако навистина е тоа така, зошто да не го прашаме народот, зошто се плашиме ние народот дали ќе ни каже да, или не, и за овој петти амандман. Е, да, на крајот ќе завршиме како капларско прашање. Затоа мислам дека, извинувајќи се што бев малку подолг, пред да завршам, дека македонската јавност, а и македонските пратеници од овој состав треба да имаат во предвид каква одговорност носат, дека сите ние треба да знаеме што ќе се случи до крајот на овој мандат, дека тука ќе се зборува на албански со симултан превод и дека законите ќе се објавуват на албански и на сите други нивоа, задржувајќи го правото на искрена борба за човекови права како реално право инхерентно право на тие што се борат, повторно потенцирајќи

дека го одобрувам правото на тие што предлагаат, меѓутоа ниеден од нив нема право да ми сугерира по секоја цена ова да го прифатам. Така што сеуште не сум одлучил, или ќе поднесам амандман на овој амандман, или ќе гласам против овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пратеникот Александар Флоровски има процедурална забелешка.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Ќе бидам краток. Мене ми се чини г. претседателе дека ни фали човек во Собранието. Го немате главниот протагонист овде, да не кажам актер, поточно предлагач на уставните промени. И сметам при една ваква тема, при едно вакво прашање каде што се крчми државноста на Република Македонија, сметам дека треба да биде присутен. Претпоставувам дека кога ќе седнам ќе ми одговорите дека е зафатен, претпоставувам исто така, дека не пишува писмо за Тони Блер, како што пишуваше до претседателот на САД. Ги почитувам господата кои што присуствуваат овде, но исто така ве прашувам дали претседателот на државата има право на овластени претставници? Сметам дека претседателот мора да е присутен, да го почувствува духот, да го почувствува она што провејува од задните клупи, додека говорат пратениците на ВМРО, претпоставувам и останатите македонски пратеници, дека цело време дофрлаат. Не знам вие колку тоа го следите, едноставно сметам дека не доведовте во една нерамноправна положба, да не кажам не омаловаживте со тоа што не присуствува исто така, избраници на народот како што и тој е избран од народот. Сметам дека во оваа трета фаза треба да биде овде присутен, да го слушне нашиот глас, нашето размислување, едноставно заедно да одлучиме што ќе биде судбината на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Претседателот најави дека ќе дојде.

А тука има овластени претставници.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на претседателот на државата, јас ќе го надополнам господинот Флоровски со едно друго прашање. Господинот Флоровски праша дали тука фали еден човек. Јас ќе прашам, дали тука фалат малку повеќе од еден. Очигледно е дека во салава има присутни некаде околу 30-тина пратеници. За вака важни прашања за кои што расправаме тука, сепак мислам дека присуството на пратениците е од голема важност и мислам дека треба да направите напор да се обезбеди присуство на пратениците во салата на Собранието. Мислам дека нема услови за продолжување со работа ако нема присутни пратеници онолку колку што треба.

Почитуван претседателе, мислам дека нема 61 пратеник во салата и мислам дека не можеме да продолжиме со работа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не треба воопшто, што има да мислите?

Ќе утврдиме кога треба.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Претседателе, јас барам во овој момент да го утврдите точниот број на присутни пратеници во салата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, исклучете го.

Има збор Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, за жал јас ќе морам да почнам каде што завршија претставниците, меѓутоа со една констатација, бидејќи очигледно дека немате намера да го обезбедите присуството на претседателот на државата. Ние ја почнуваме најсериозната расправа во ова Собрание, а тоа е последната фаза од промената на највисокиот конститутивен акт на една држава, промената на Уставот со флагрантно кршење на демократската процедура за промена на еден ваков акт. Во што се состои ова флагрантно би го нарекла повторно кршење на демократската процедура. Прво, ние имаме овластен предлагач, тоа е претседателот на државата. Јас жалам што не е тука, меѓутоа очигледно сепак, ќе мора да се појави, ако не друго заради амандманската расправа. Второ, тоа го реков и на Комисијата, ќе го речам и овде, претседателот на државата претставува институција и јас ја почитувам како и сите останати пратеници, меѓутоа го користам правото да и претседателот на државата ме почитува мене како пратеник и сите нас останати 120 пратеници. Токму заради тоа, претседателот на државата нас не информира како Собрание и како членови на Уставната комисија дека именува повереници, односно претставници при водење на расправата. И таму во Уставната комисија и овде повторно ќе реагирам, врз основа на кој член од Законот за претседател, бидејќи таков имаме, претседателот има право да именува повереници, односно претставици, или врз основа на кој член од Уставот? Ниту Уставот, ниту пак Законот на претседател за кој еве, се потрудив да го прочитам за да не испадне дека зборувам на памет, тоа право му го даваат на овластениот предлагач господинот Борис Трајковски. Очигледно се прави една аналогија која што може да се направи, барем така ми толкуваат правниците и стручните служби во ова Собрание, меѓутоа и надвор од него, меѓутоа која аналогија може да се направи при непостоење на закон. Бидејќи овде постои закон, тоа е Законот за избор на претседател на Република Македонија, ќе ви прочитам број 20 од 21 април 1994 година, очигледно тогаш се измените и тогаш е објавен овој закон. Уставот тоа не го регулира. Така што нам ни останува да разговараме со експертскиот тим на претседателот. Се разбира, дека против

експертскиот тим немам ништо, напротив го почитувам, се работи за експерти во оваа област. Меѓутоа, очигледно ќе биде многу интересна ситуација кога одредени законски измени кои што нам ни се уставни измени, кои што нам ни се нудат во овој момент, ќе ги споредиме, мислам на образложението, ќе ги споредиме со образложенијата кои што ги добивме, ги имавме на, или пред, или во периодот пред 17 ноември 1991 година, односно точно пред 10 години кога едно вакво Собранието, меѓутоа се разбира во друг состав чиј што член бев, имаше други образложенија за одредени исти членови кои што во овој момент ги менуваме. Верувајте, нам како на пратеници достапни ни се и архивите и стенографските белешки и еве, и јас лично верувам и некои други, бидејќи овде има и други пратеници од првиот состав, а тоа впрочем им е достапно и на сите пратеници, ќе ги извлечеме стенограмите во врска со определени образложенија кои што тогаш се зборуваа и кои што ќе се зборуваат сега. Ќе имаме една голема еволуција во сфаќањата, меѓутоа веројатно луѓето се менуваат за 10 години се менуваат и нивните ставови, сигурно не толку многу драстично. Во овој случај тие се драстични.

Втората промена исто така која што е флагрантно кршење и многу поголема, верувајте. Тоа што претседателот на Републиката не е тука, верувам дека е зафатен и нема да му го земам за некое зло, меѓутоа тој сепак во амандманската расправа сакал, или не, ќе мора да биде тука бидејќи претставниците не се овластени да зборуваат за уставните промени е непостоењето на писмено образложение за промената на уставните амандмани. Е, ова е веќе за кое што секој еден човек кој што држи до правото и правната материја ќе забележи. Заради тоа што ние имаме образложение, тоа образложение за жал дури нам до пратениците ни е испратено вака Текстот на Нацрт амандманите, а сега знаете дека гледаме Предлог амандмани. И тоа образложение е истоветно со амандманската расправа која што беше по повод Нацрт амандманите. Тоа можеби и нема да го земам за некое зло, бидејќи очигледно е дека интенцијата е ништо да не се промени. Меѓутоа, зло е што после една расправа по Нацрт амандманите која што траеше дури цели 10 дена, најмалку смешно за една таква сериозна проблематика. Оној кој што треба да ни го предложи целиот овој текст, се разбира, може да го задржи правото тоа да го стори и да го напише повторно на истоветен начин, меѓутоа требал да даде конкретно образложение, зошто секој амандман кој што го менуваме, постоечкиот Устав се менува. И што всушност се подобрува со неговото менување? Така што тоа е сериозно кршење на процедурата, не повериниците и претставниците, туку непостоењето на писмен текст не од формално правен аспект како што овде е направено во кое што е направено некое си образложение во шест члена, туку образложение на секој амандман, а тие амандмани се бројни, вклучувајќи ја и преамбулата.

Сега би сакала конкретно да се осврнам на амандманот V и измените кои што ни се нудат. На почетокот ќе кажам дека за мене како пратеник на овој Парламент, ако сакате и како припадник на една етничка групација кој што целосно се чувствува интегриран во општеството, тоа е ромската и воопшто не се срамам од тоа, напротив се гордеам што сметам дека успешно, барем за мене, сум се интегрирала во македонската етничка популација, односно во она што значи државјанин на Република Македонија да ја чувствувам Македонија за своја единствена држава, да ја застапува таму каде што треба и секогаш да ја чувствува за своја единствена држава и да не се срами и плаши од тоа, се разбира.

Она што овде нам ни се нуди во врска со употребата на јазиците, сметам дека не го јакне унитарниот карактер на државата и дека не ја јакне државата Република Македонија. Немам апсолутно никаков анимузитет спрема албанскиот јазик.

Не ми пречи да го слушнам еве и овде. Не ми пречи да го слушнам во меѓусебната комуникација, затоа што јазикот е средство за комуникација и така го сфаќам и подразбирам. Богатство е ако еден човек зборува. повеќе јазици, не само албанскиот туку и сите јазици кои што се зборуваат во Република Македонија и сите јазици кои што претставуваат средство за комуникација во светот, албанскиот, францускиот, шпанскиот како еден од јазиците на иднината со оглед на бројноста на популацијата која што го зборува на американскиот континент.

Според тоа, не ми пречи што припадниците на албанската популација во Република Македонија бе го зборуваат албанскиот јазик. Тие тоа го зборуваат на локално ниво. Меѓутоа, она што во овој амандман ми пречи е тоа што суштината, да се разбереме како луѓе се разбира, да се употребува јазикот за да истиот тој не згасне како јазик, зошто тој мора да има статус на официјален јазик во една држава. И како ќе се сочува унитарниот карактер на една држава, ако во таа др-жава се зборуваат два јазика, во овој случај тоа се два јазици. Верувајте, за мене е хипокризија ако во првиот став на овој амандман се зборува вака: на целата територија на Република Македонија и во нејзините меѓународни односи службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо. Многу јасен и многу читлив став. Ако вториот став на овој амандман односно на овој член, тоа е член 7 од Уставот на Република Македонија, вели: друг јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните исто така е службен јазик и неговото писмо, како што е определено со овој член. За мене ќе биде многу поголема придобивка ако нашиот преговарачки тим усвоил друг официјален јазик во Република Македонија е албанскиот јазик. Воопшто не ми пречи, затоа што дефакто е така.

Во Република Македонија повеќе од 20% граѓани, зборувам за целата територија на Република Македонија, освен албанците не постојат. Така што ако некој го смета за свој голем успех тоа што во вториот став не стои "албанскиот јазик", јас ќе кажам дека не е никаков успех, затоа што зборуваме за форма. Формата е задоволена можеби од некој друг, ние успеавме албанскиот јазик да не стои во Уставот. Ништо не е задовоелно. Албанскиот јазик ќе биде присутен во целокупната комуникација. Мегутоа, третиот позначаен елемент е зошто албанскиот јазик мора да ја има синтагмата службен јазик на Република Македонија, ако сите вклучително и оние кои ги претставуваат албанците во овој Парламент велат нам единствена држава ни е Македонија. И тоа е така, јас сакам да биде така. Јазикот може само да ги јакне релациите меѓу луѓето. Ако имаме единствен јазик на кој што ќе се разбираме сите, а тоа е македонскиот јазик, бидејќи треба да го знаеме и познаваме, тогаш зошто албанскиот јазик не стане во службена употреба не само во органите на локалната управа, нека биде тоа и во комуникациите со централната власт, верувајте, воопшто не ми пречи, затоа што реков немам никаков анимозитет ниту спрема албанскиот ниту спрема останатите јазици во Република Македонија. Меѓутоа, изедначувањето на македонс-киот и албанскиот јазик не значи зголемување на корпусот на индивидуалните права. Значи обезличување на една држава односно конкретно обезличување на унитарниот карактер на една држава. Е тогаш господа пратеници паѓаат во вода сите ваши заложби дека во оваа држава ќе постои унитарна држава со име Република Македонија. Дали тоа ќе биде сега веднаш, дали ќе биде за пет години, дали ќе биде за 10 години, апсолутно веќе не е важно. Факт е дека работите ќе одат во таа насока. Доколку вие прифатите во комплетната комуникација и со централната администрација и во локалната управа да биде употребуван албанскиот јазик тогаш суштинската употреба на јазикот, бидејќи вие цело време во странство, барем каде што сум јас присутна, велите дека е ускратена апсолутно не ви е ускратена. Ќе биде навистина суштинска потреба да го употребувате јазикот секаде и во сите нивоа, меѓутоа не како службен и официјален државен јазик на Република Македонија.

Според тоа, за мене вториот став е апсолутно едно политичко лицемерие и хипокризија. Можело и треба да стои, друг јазик во Република Македонија, исто така официјален, е албанскиот. Тој по ништо нема да се разликува освен по тоа што нема да се употребува во меѓународната комуникација. Дали е тоа плус или минус апсолутно не е важно.

Според тоа, навистина жалам што немаме писмено образложение од страна на овластениот предлагач, претседателот на државата Борис Трајковски зошто се предлага во оваа формулација целиот текст на амандманот, бидејќи ако нешто после онаа би ја нарекла несреќна пеамбула, преамбула која не смее да биде предмет на разговор и договор бидејќи е историја на овој народ што не може да се избрише со гума, една од најголемите забелешки беше токму овој амандман. Не, повторно ќе повторам по тоа што јас имав можност да го слушнам од бројните забелешки кои доаѓаат од граѓаните кои навистина сакаат оваа држава да се одржи во нејзината целовитост, во нејзините граѓани, кои сакаат навистина соживот со албанците и со сите останати, бидејќи очигледно е дека ние имаме дијалог на глуви. Едната страна постојано зборува како да живееме заедно да се интегрираме, а другата постојано вели како да се дезинтегрираме. Тука веќе нема соживот. Никој немаше забелешка за тоа зошто треба да се употреби албанскиот јазик во комуни-кацијата со централната власт, меѓутоа, сите забелешки одеа на адреса зошто албанскиот јазик треба да биде официјален јазик на оваа држава. Заради тоа што со овој став ако јазикот биде во службена употреба, а не биде службен јазик на Република Македонија, албанците како популација не губат ништо. Меѓутоа, унитарноста на Република Македонија е прашање на време кога ќе биде унитарна. Со тоа значи губи државата Македонија. Не сакам да зборувам од аспект дали губат македонците или албанците. Јас не сакам да ги делам граѓаните на Република Македонија, бидејќи цело време велиме дека сакаме да направиме граѓанска држава. Ако имаме граѓанска држава, тогаш во Република Македонија граѓаните ќе го зборуваат македонскиот јазик. Меѓутоа, верувајте, тогаш целокупниот број на голем дел од уставните амандмани кои натаму следат, а кои зборуваат за одредено паритетно присуство на националните малцинства ќе паднат во вода, затоа што ако сме сите граѓани и ако имаме исти права и обврски насекаде во сите нивоа, тогаш немаме повластен избор во Уставниот суд, немаме повластен избор во Врховниот суд, немаме повластен избор во таканаречениот сега ако се изгласа комитет кој што треба да го имаме, заради тоа што сите сме со еднакви права и обврски пред државата Македонија. Не само права, туку и обврски, заради тоа што од лојалноста на еден граганин кој што си ја сака државата произлегува не само постојано да бара права, туку и тие права како да ги одолжи, да се оддолжи спрема сопствената држава што преку плаќање даноци, што преку признавање на официјалното име и статус на сите останати, што прекуословување на државата Република Македонија надвор. За жал, ние имавме пратеници од ова Собрание кои ги избравме, а кои надвор ја нарекуваа државата ФИРОМ, што не ми е сфатливо како ја сфаќаат сопствената држава. Можеби за странците тоа е норамлно. Значи, жалам уште еднаш што господинот претседател нам не ни упатил, можеби има свои аргументи зошто ни го нуди амандманот со истоветна содржина. Жалам што не добивме. писмено образложение. Образложението кое што евентуално би можеле да го дадат неговите претставници се разбира не може да биде исто со

образложението на претседателот на државата, заради тоа што доколку тоа се случи, верувајте, не сакам да карихирам, не сакам да ја усложнувам работата на ова Собрание, меѓутоа, и јас сум пратеник избран на избори, тогаш јас или можеби било кој овде од вас кои сме 120 на број може со еден обичен писмен акт, во кој што нема да се повика на ниту еден закон, на ниту еден член да напише вака: јас пратеникот Трајко Петровски, се надевам нема таков, го овластувам господинот Мирослав Ивановски да седи во пратеничките клупи, да гласа за мене или пак да направи предлог на закон. Можеби е лоша и неумесна градацијата, ама во овој случај како што сме ги поставиле работите, одат во тој правец.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нека ги повикаат пратениците да влезат во салата. Повикајте ги за да можеме да продолжиме да работиме.

Молам службите да ги повикаат пратениците да влезат во салата.

(Претседателот Стојан Андов повеќе пати го повторуваше повикот до пратениците да влезат во салата. Повеќе пратеници се вратија повторно во салата).

Продолжуваме со работа.

Господинот Вејсели има процедурална забелешка.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитувани претставници на предлагачот, јас имам едно директно прашање. Дали расправаме...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нема пратенички прашања. Да видиме што е процедуралната забелешка.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Прашањето се однесува на почитување на процедурата. Добро, не е прашање.

Имено, дали расправаме одделно по амандманите или пак расправаме за Рамковниот договор, влегуваме во историјата или пак да не е на дневен ред Меѓународната заедница и др., да не ги набројувам сите работи што беа спомнати на оваа седница, или расправаме конкретно за Амандманот V за употребата на јазиците.

Имам конкретен предлог за сите пратеници кои ќе се јават за дискусија да го ограничиме времетраењето на дискусијата поради тоа што им даваме многу простор за да навлегуваме во други сфери и да се оддалечиме од темата која е на дневен ред. Ако расправаме за Рамковниот договор, дајте тогаш да расправаме за Рамковниот договор или тоа што спомнав претходно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, овде нема основана процедурална забелешка.

Само една напомена, ќе работиме вечерва до 20,00 часот.

Има збор господинот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, дозволете ми накратко и јас да се произнесам во расправата по предлогот што е на дневен ред и за тоа што е содржина на Амандманот V од Предлогот за измена и дополнување на Уставот на Република Македонија.

Меѓутоа, на почетокот сакам да направам една мала дигресија и да се осврнам малку на дискусијата на последниот дискутант, кој на неколку пати кажа дека не чувствува никаков анимозитет кон албанскиот јазик, дека не му пречи што ќе се употребува во комуникацијата и јавна и во органите на државната управа, дека не му пречи ова, не му пречи тоа и икс други рабори кои не му пречат на тој дискутант. Меѓутоа, на крај сепак не издржа пусто срце и кажа дека сепак му пречи нешто, па му пречи тоа што албанскиот јазик ќе биде втор службен јазик, му пречи тоа што преку службената употреба на тој јазик наводно ќе се загрозува унитарниот карактер на државата, дека нема такви примери во светот и тн. Сакам да кажам дека дискутантот не е до крај искрен кога вели дека не му пречи албанскиот јазик, не му пречи албанскиот народ, не му пречи ништо туѓо туку напротив дека се чувствува многу релаксирано. Тоа е прво.

Второ, што се однесува до тезата за промена на ставот, јас сепак сум должен да го изнесам мојот став дека напротив, впрочем и господинот Петровски кој тука не го гледам, но тој искрено призна дека албанците за овие прашања се залагале откако се формирани како политичка партија 1990 или 1991 година. И прашањето на преамбулата, членот 7, членот 19, членот 48 и тн., да не ги набројувам, беа спорни прашања уште од тогаш. Не случајно ние како политичка партија изградивме став да не го поддржуваме тогашниот Устав на Република Ма-кедонија, иако цело време бевме убедувани од луѓето кои и денес седат тука или во функција на пратеници, предлагачи или претседател на Собрание дека тоа е најдоброто решение, тоа е перспективата и дека тој Устав е по мерка на меѓународни стандарди и затоа не случајно доби толку висока оценка од тогашната арбитража на Европската комисија и тн. Сепак се установи дека тоа не било така и дека нашето стравување дека некои решенија во Уставот ќе предизвикуваат проблеми во општеството, за жал, подвлекувам уште еднаш за жал, се потврдија.

Прво, ние во ниту еден момент не ги променивме ставовите во однос на нашиот статус, положба и она што значи констигуција на државата Република Македонија. Напротив, некој промени партии, промени нешто повеќе. Таа провинциенција на тој дискутант еднаш беше многу агресивна и антиалбанска расположена, па после беше многу кооперативна и многу добра кон албанците, па затоа доби на претседателските избори 220 ливчиња, на локалните на неколку општини

добија градоначалници, како проалбанска, проевропска и промодератоска партија и сега пак да се установи дека тоа не било така. Сега не знаеме које вистинското лице на таа провинциенција и што е вистината. Човек може да згреши и човечки е да се згреши и човечки е да се смени ставот, но ако истиот став три пати го менувате за, против или повторно за или обратно тогаш нешто не е во ред со вас. Или, ако вас ви пречи тоа што службен јазик во Македонија ќе биде и друг јазик но во исто време не се загрозува во ниту еден момент вашиот јазик тогаш проблем имате вие со вашите убедувања, пробелм не е другиот кој бара неговиот јазик да биде службен. Тогаш треба да се преиспитуваме самите себе, нашите убедувања, нашите размислувања. Но, така е, веројатно така и ќе биде, но да се навратам на она што е предмет на расправа и на почеток со збор два да се осврнам на она што беше во јавната расправа која впрочем беше многу бурна иако многу кратка, па врз основа на таа јавна расправа се извлекуваат разни заклучоци и после врз основа на тие заклучоци се градат ставови про или контра Рамковниот договор, про или контра одредени решенија, па врз основа на тие ставови после и се нудат решенија кои се надвор од тој Рамковен договор. Зошто? Затоа што јавната расправа покажувала сосема друго расположение како да ние не го знаеме тоа расположение на граѓаните, како да ние кога седнавме во Охрид или кога дојдовме во Скопје не знаевме всушност што правиме, и дека сега одеднаш се откри Америка. Луѓето во Охрид згрешиле затоа што Македонците не сакале да биде така, како да другите ептен се задоволени. Е, кога е веќе така јас ќе кажам дека во однос на преамбулата, за која се надевам дека ќе имаме прилика на долго и на широко да расправаме, ние воопшто не ја предлагавме оваа преамбула и воопшто не бевме задоволни со ваквата содржина на преамбулата. Нека му стане јасно на секој член од Парламентот од Македонска националност и на секој граѓанин од македонската националност кој се чувствува загрозен наводно од преговарачите албанци дека тие наметнувале такви решенија со кои се загрозува македонскиот идентитет, националната самобитност или нешто друго дека тоа воопшто не е предлог на албанците. Ние имавме друг предлог и друго решение, но за жал тоа не се прифати. Тоа е дека во преамбулата треба да стои дека Македонија е држава на Македонскиот и албанскиот народ и другите националности кои живеат во неа набројуваќи ги како што се...

(реакција на пратениците)

Да тоа беше нашиот предлог. И сега ако пак дискутираме зошто албанците имаат против да се спомнува македонскиот народ повторно нашиот одговор е ист. Ништо ама баш ништо немаме против да стои македонскиот народ во преамбулата. Но, ајде јас ве прашувам вас дали вие имате против тоа и албанскиот народ да стои во преамбулата...

(реакција на пратениците)

Да, многу јасно. Тука е проблемот што вие имате против другите, а не другите што немаат ништо против вас. И се додека така ние ги водиме работите секогаш ќе имаме проблеми. Но, проблеми со сами себе, не со другите. Не со ЕУ. Па ние разводнувајќи ја таквата теза дојдовме до ситуација како да и Америка и Европа и цел свет се против Македонците или против Македонија и како да тие гајат некоја голема љубов према албанците. Со што толку сме ги задолжиле тие толку нас да не сакаат а Македонците не. Дајте да се испитаме како ги изнесуваме аргументите во преговорите. Зошто ЕУ да држи страна. Јас сум длабоко убеден дека тие не држат страна. Или другите решенија за кои на долго и на широко расправавме. Што стана со проблемот кој 10 години вриеше во Македонија почнувајќи од високото образование на албански јазик или тезата која вели: вие немате ниту еден јак, издржлив аргумент кога тврдите дека не треба да стои македонскиот народ за што ние тоа го бараме од икс причини, Грција го оспорува името, Бугарија го оспорува националниот идентитет, третиот незнам што и од тие причини од историска гледна точка и во тој контекст ние тоа го бараме, а не во актуелниот бидејќи во нормативниот дел не стои тоа.

Јас и во Охрид и сега ќе ви поставам прашање, на преговарачите во Охрид сум и поставувал и на Љупчо и на Бранко и на сите кои беа. Ако е така дајте преамбулата ќе ја составиме така како што сакате и како што сакаме ама во нормативниот дел да бидеме апсолутно рамноправни во секоја димензија. Нека стои таму дека службен јазик во Македонија е македонскиот јазик и албанскиот јазик. Дека право на високо образование имаат и албанците подеднакво. Симболите, трето, четврто и секое прашање. Е, па, не може, чекај. Е, не може и така и вака. Тоа прашање сум го поставил на сите лидери.

Ние воопшто не сме егзалпирани од содржината на Рамковниот договор. Апсолутно. Зошто не сме? Затоа што нашите залагања, визии, ако сакате и проблемски определби и што сакате друго воопшто не се рефлектираат соодветно во Рамковниот договор, ниту во однос на политичкиот статус, ниту во однос на положбата на јазикот, ниту во однос на образованието, ниту во кој било друг однос. Напротив, дел се подобрува, дел останува на иста положба како што го регулира Уставот од 1991 година, дел дури и се влошува. Но, сите рековме дека мора да се најде компромис. Всушност политиката е умешност на можното. Ова беше можното во дадениот момент. Ако вие го извлечете од контекст на времето кога

е составен овој Рамковен документ тој може да ви изгледа и многу смешен и многу неприфатлив, многу чуден, но земете ги односот на силите, политичкото опкружување, дадениот момент кога се составил овој документ и ќе видите дека повеќе или подобро и не се можело и затоа сакаме да сотиме цврсто зад договореното, без оглед што гледано од денешната перспектива многу работи и за нас не се прифатливи.

Само да кажам за членот 7 од Уставот на Република Макеоднија, односно амандманот со кој се менува членот 7.

За мене и тогаш и сега несфатливи се додавките кои се прават во ставот 1 од членот 7, кој е многу чист, многу јасен. Се обидоа и пред мене пратеници да кажат. Ако тој став вели дека службен јазик во Македонија е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо од каде сега потребата да се доистакне дека тој е единствен јазик во целата територија и во меѓународните односи на Република Макеоднија. Тенденцијата е многу јасна. Друг таков јазик не може да има во Република Македонија. И тоа не го задоволува егото на некој, уште подоминантен, уште поискључив да биде, затоа што ова било малку.

Па, се оди во вториот став и се вели дека и друг службен јазик може да има доколку се над 20%, ама на начин утврдено како што е подоле, а како подоле е утврдено, всушност другиот не е службен. Зошто не е службен? Еве, јас ќе ве прашам г-ѓа Марковска, јас како албанец ќе му се обратам на еден орган на подрачна единица на некое министерство и ќе му зборувам на албански. Ќе ми го затвори шалтерот според ова што го пишува тука, затоа што тој не е должен да комуницира со мене на албански јазик. Тој е должен само писмено да ми одговори на јазикот на кој јас сум му се обратил. Тој не е должен да комуницира со мене на мојот јазик. Или, одредбите понатаму дека личните документи ќе биле двојазични. Зошто не и другите документи. Ако и тој јазик е службен итн., итн., икс ограничувања, всушност тоа што како начело е дадено во ставот два подоле се стеснува и се деградира. Тоа не случајно е направено така, ние сме свесни. Зарем вие мислите дека Фрчковски не измамил таму, па ние не сме знаеле што потпишуваме. Не, не ние многу свесно го потпишавме тој договор и бевме свесни дека, тој договор во праксата вака ќе се менува, но имаше некои повисоки цели, повисоки идеали, а тоа пред се беше мирот и затоа требаше да се постигне тоа.

(реагирање на г. Томислав Стојановски од место - кој го направи немирот)

Да г. Стојановски ќе кажам. Немирот, ... ќе ви кажам ако ме прашате.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тишина, ве молам само на Парламентот обраќајте се.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Ми поставува прашање. Можам да му одговорам.

(реакција на пратениците од место)

Да, на писмено ќе му одоговрам.

Но, тоа е договорот. Надвор од тој договор, уште еднаш ја искористувам приликата да го изнесам нашиот став дека нема да дозволиме ниту подметнувања ниту надметнувања, ниту подобри решенија, ниту полоши решенија, туку нашиот став е јасен дека го поддржуваме Рамковниот договор.

И, не случајно ние покрај овие и многу, многу други забелешки не поднесовме амандмани. Вие гледате дека досега од ПДП и од ДПА не сте добиле амандман.

(има, има)

Не, од овие пратенички групи не сте добиле. Стоиме зад Рамковниот договор и тоа мене не ме загрижува. Ме загрижува нешто друго и сакам да ја искористам приликата и присуството на двајцата во име на предлагачот присутни, господата Поповски и Фрчковски за да го изнесам пред јавноста една тенденција да повикувајќи се на технички исправки, корекции, хомотехнички, или незнам какви всушност се задира во суштината, во содржината на Рамковниот договор и определбите во него што не е добро. Имавме прилика сите корекциите да ги направиме, да ги дотераме се до моментот кога ја добивме англиската верзија и соодветно на тоа добивме и македонска верзија.

И да кажам дека како што тече фазата на промените на Уставот интервенциите во членот 7 односно амандманот V кој го менува член 7 се се поевидентни. За пример ќе го наведам следниот случај.

Во точката 3 од член 7 од Анекс-а над Рамковниот договор, се надевам дека г. Поповски го има вели "кој било лични документи на граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот исто така ќе бидат издадени на тој јазик". Дополнително на македонскиот јазик во согласност со законот.

Нацртот вели нешто друго во втората фаза. Вели: "личните документи на граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот се издаваат...". Не е јасно г. Стојановски. Овде вели било кои лични документи, а јас ќе ви набројам пет-шест лични документи и ќе го прашам г. Поповски дали тој ги подразбира тие како и јас лични документи...

(кажи, кажи)

Да, да ќе кажам. Тука се патните исправи, личната карта, возачки исправи. Што ќе се случи со другите документи кои го регулираат граѓанскиот статус почнувајќи од изводи на умрени, на родени, на венчани, што ќе се случи со сведителствата, со дипломи, со икс други доќументи. Дали и тие не се лични документи? Или, друго барање кое ќе се поднесува во лично име, на кој јазик ќе се издава, затоа што за мене тоа е личен документ. Затоа не случајно во Охрид сме рекле. "Кој било друг личен документ".

И да одиме понатаму. Во последната фаза и друга исправка се случува и вели во нацртот и во Рамковниот договор во точката 3 односно ставот 4 "секој граѓанин во комуникација со министерствата може да употребува еден од службените јазици и неговото писмо, а министерствата одговараат на македонскиот јазик и неговото кирилско писмо како и на службениот јазик и писмото што го употребува".

Предлогот сега што го добиваме во форма на Педлог-амандман вели:"секој граѓанин во комуникација со министерствата може да употребува еден од службените јазици и неговото писмо, а министерствата одговараат на службениот јазик и писмото што го употребува граѓанинот, како и на македонскиот јазик и неговото кирилско писмо".

Во Рамковниот договор, се надевам дека има пратеници кои ме следат со внимание и ги прават дингстингциите вели: било кое лице може да употребува било кој службен јазик за комуникација со главната канцеларија на Централната Влада која ќе одговори на тој јазик, дополнително на македонскиот".

Две повреди, две прекршувања. Прво, обемот на употреба на службеноста се ограничува само во министерствата за разлика од Рамковниот договор кој вели "било која централна канцеларија", затоа што не се само министерствата сервис на граѓаните. Имате јавни претпријатија, имате здравство, имате образование, имате многу други органи кои не се органи на државната управа или не се...

(реагирање од место на г-ата Ѓулистана Марковска.

Не се г-ѓа Марковска. Тоа барем го знам подобро затоа што сум дипломиран правник па сум положил управно право.

Значи, прво се стеснува просторот, органите, структурата на службената употреба на тој јазик.

Второ, во последниот предлог вели "прво на македонски, а потоа по барање и на јазикот на другиот службен јазик", што не е случај со Рамковниот договор. Тоа не се случајни промени, тоа не се технички, тоа се суштински, тоа се содржински. И некој мисли дека тоа не го гледаме? Некој мисли ајде ние тоа ќе го бутнеме вака, овие ќе се занесуваат со преамбулата, ама ова ќе помине. Немојте луѓе, договорот си е договор и сакаме да го испочитуваме. Сакаме да се исплементира, сакаме да ставиме точка на сите овие недоразбирања и да отвориме перспектива заедничка во оваа држава во која г-ѓа Макровска не се доведува во прашање унитарниот карактер на државата. Не се доведува и ако имам прилика да ми реплицирате после ќе ви кажам научно што значи унитарна држава за да ве уверам дека е тоа така.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За реплика се јави г-ѓа Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Ќе се обидам да бидам кратка затоа што знам дека репликите нема да не однесат никаде, можеме да се надмудруваме.

На г. Зибери ќе му кажам вака.

Господине Зибери жалам што науката и техниката во Република Македонија, не во Република Макеоднија воопшто во светот не отишла толку напред да во овој момент, или во било кој момент и на секој човек, вклучително и на вас и на мене во истиот момент направи еден рутински тест за мерење на искреноста. Такво нешто е неможно во овој момент. Можно е само да се подвргнеме на машина за утврдување на тестот за лажење, јас не сакам да кажам дали вие лажете или јас, меѓутоа бидете уверени барем за ова прашање, а можеме понатаму и за други прашања дека незнам кој ќе испадне со кратки ракави.

Ова го зборувам затоа што токму пред мојата дискусија до Собранието односно до претседателот на Собранието односно до предлагачот упатив амандмани преку претседателот на Собранието до предлагачот. Така се упатуваат формално правно по нашата процедура и деловник, во кој што она што го зборував и го пишувам, ако јас имав против употребата на албанскиот јазик, тука е така како што го дал предлагачот 20% од граѓаните на Република Македонија, јас тоа право немаше да го напишам. Меѓутоа, напротив, во амандманот што со група предлагачи го предлагам јас велам,"друг јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Македонија". Тоа е формулацијата која што ја дава и постојниот амандман. Меѓутоа, во кој што велам "припадници на националното малцинство", затоа што дефакто албанската популација е национално малцинство. Затоа што, ако не е така, незнам зошто ние овде во Република Македонија би правеле нострификација на еден куп дипломи, еден куп конвенции, кои што се донесени од разни меѓународни организации, во кој што стои "заштита на правата на малцинствата". Според тоа, и неговото писмо се во службена употреба, како што е определено со овој амандман Значи, јас немам никаква доза на неискреност кога

велам дека немам никаков анимузитет ниту против употребата на албанскиот јазик. Нека тој се употребува, затао што дефакто се употребува, а и до сега се употребуваше во единиците на локалната управа. Велите дека барате поголем корпус на малцински односно на човекови права. Дека тоа ќе се задоволи со употребата во комуникација со централната власт. Во ред тоа се подрачните единици на министерствата. Нека тоа биде задоволено, меѓутоа, зошто мора да биде службен јазик. Заради тоа што, службениот јазик е обележје на една држава. Меѓутоа, во едно знам дека неможете да ми спорите. Заради тоа што за сето ова што сега разговараме и за многу повеќе, можевме да разговараме и друг пат господине Зибери. Можевме да разговараме во услови на мир. Меѓутоа, некој во оваа држава требаше да земе оружје и под присила на оружјето и на бројни убиства кои што се случија не само на македонците, се случија и на албанците, меѓутоа, оружјето проговори во оваа држава и ние требаше да разговараме по тој повод за промена на Уставот. Е, тоа господине Зибери, можете да се подвргнете и на тестот на интеле-генција, односно на тестот на лажење, може да измислат и тест во ист момент дали ќе имаме за тоа дали е некој искрен или не, ако бидете искрен ќе кажете, војна не ни требаше. Меѓутоа, во оваа држава за оружје се фатија албанците на Македонија. Можеби не сите, одредени екстремни припадници или терористи, вие можете да ги нарекувате екстремисти, а за мене се терористи, биле и ќе останат до крај, луѓе кои што лошо му прават на целокупниот народ во оваа држава, лошо им направија и на албанците бидејќи голем број на албанци и мајки исто така се завиткани во црно, заради тоа што под мотото за човекови права во Република Македонија имавме војна во која што загинаа голем број на државјани ине државјани на Република Македонија. Имавме војна која што не беше прогласена ниту од нас, ниту од претседателот на државата и имавме она што вие сега го нарекувате мировен договор. За жал, тоа не е мировен договор. Тоа е договор под присила, договор под закана на оружјето, кој што еве овде цивилизирано, се разбира, без никакви присили со демократски методи се трудиме да направиме нешто што ќе биде и прифатливо и применливо. Заради тоа што, се плашам дека ако разговараме повторно како што вие велите сега, имаме мир, а може да имаме војна, пожеби навистина ќе имаме војна. Меѓутоа, незнам од кого ќе биде предизвикана. Затоа, ОНА е разоружана, таа беше причинител на војната во Република Македонија, македонскиот народ никогаш не сакал да има војна со никој кој што живее на оваа територија, очигледно дека некој друг повторно под некое друго име ќе отиде во планината и ке направи војна, ама тоа нема да биде војна за човекови права. Нема да биде војна за вакви партии, ќе биде војна за нешто сосема друго. Ви благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Реплика господинот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Добро, јас нема да зборувам за искреноста, но за тоа што го изнесе дека не и пречи албанскиот јазик не успеа, сепак госпоѓа Марковска дека е тоа така, зашто самата се демантира. Вика, еве, во подрачните единици, еве ваму, еве таму. Не сте вие, госпоѓа Марковска, таа која одредувате каде албанскиот јазик ќе биде службен јазик. За среќа не е така, и не одлучувате само вие за тоа.

А, што се однесува до заканите наводно дека ќе имало војна јас во ниту еден момент не го кажав тоа и не сакам никога тоа да се случи во Македонија. Тоа го кажаа други. Тоа го кажа господинот Робертсон, кој рече дека јас сакам да гледам во Македонија како се враќаат раселените лица, а не насилството, што имплицира дека доколку не оди имплементацијата на Рамковниот договор, може да се врати насилството во Македонија. Тоа други го кажаа, јас не сакам да го кажам и не са-кам да помислам дека повторно во Македонија такви работи да се случуваат. Но, кога веќе сме до тие прашања, јас не ви земам за право вам да ги чуствувате тие луѓе како терористи, како вакви или такви. Вие чуствувајте ги како што дозволуваат вашите чувства тоа да го правите. Но, притоа не земајте за право нам да ни кажувате ние како да ги чуствуваме. Зашто ние, навистина, ги чуствуваме како луѓе кои се фатија за оружје за да се поправи положбата и статусот на албанците во Македонија. Дали тоа беше најдобриот начин, најдоброто решение за тоа сме разговарале икс пати тука во Собранието кога сме имале прилика за тоа. Но, апсолутно нема да се согласиме со вашите тези што ги браните тука, а кои малтене се фашистички.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Благодарам. Јас не сакам повеќе да реплицирам, само ќе му кажам, моите тези не се фашистички, никогаш не биле. Дали некој треба да земе оружје, чувствата ми се сосема во ред, се разбира индивидуално е тоа чуство, а оние кои сметаат дека прават било какви човекови, територијални и незнам какви можат да се остварат со оружје, сепак нека им останат како слободни уверувања. Нека не сметаат дека е тоа нормален начин. Затоа што не јас туку бројни луѓе во светот кои се против војната и против сите жртви тоа го докажале. За останатото немам намера да реплицирам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Глигоровски.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

До господинот Насер Зибери. При обраќањето се препознав во дело, така што за тоа да не се расправаме. Значи, во еден мал дел од своето излагање господинот Насер Зибери, се надевам токму во моменти на искреност кажа нешто што е суштина и на оваа криза и денеска што стоиме овдека и можно е да биде суштина на

криза и утре и другиден. Ќе се осврнам на тој дел. Имено, на програмските определби залагање на ПДП и ДПА дека со овој Рамковен договор воопшто не се остваруваат, не се задоволни, меѓутоа морале во име на мирот и тн. Значи тој дел е суштина и на оваа криза, суштина ќе биде и на следните кризи, затоа што, ако сега со крвави раце се постигнува ова што ние денеска го дискутираме и вентуално ќе го гласаме, можеби ќе биде изгласано, а можеби и ке падне, замислете кога би било усвоено, а вие сеуште не сте задоволни, вашите програмски залагања немало да бидат остварени, што ќе се случи после пет години. Тоа е суштината и на денешната криза, тоа значи дека вие најавувате, се надевам,значи во момент на ваша искреност и некоја си наредна криза и со ова овде не сте задоволни. Овој договор мора да падне, за да ја научите лекцијата дека со крвави раце неможе вакво нешто да се постигнува.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Само накратко на господинот Глигоровски да му кажам дека тоа не е само момент кој се пријавил адхок на искреност, тоа е постојаш констатација наша дека не сме задоволни со содржината на Рамковниот договор. Но, определувајќи се за мир или договор, ние се определивме за договор, за разлика од вас, пишман аџии таму ставивте потпис, овде не го прифаќате. Тоа е проблемот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Петровски Филип.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Јас бев спомнат, па мислам дека имам право да реплицирам. Неколку точки околу кои што мислам треба да кажам збор, два. Закани со војна. Нема да обвинувам јас кој почнал и како течело се нема да раскажувам повторно, затоа што сите добро знаеме и ќе му оставам на македонскиот гласач, посебно на македонскиот народ да просуди, затоа што тоа е најзначајно, меѓутоа, дека има закани со војна, има. Што ќе се случи ако падне Рамковниот договор. Исто така, мислам дека е големо лицемерие да се обвинува аз фашизам после една ваква ситуација на етничко чистење на села во околината на Тетово, после дигање во воздух на Лешочкиот манастир, после дигање во воздух на цивили во хотелот "Бриони", после овој масакар кој што во моментов сеуште не е потврден и се надевам дека ќе биде невистина, да не спомнувам Вејце, Вешала, тоа веќе еднаш го спомнав. Значи, мислам дека е лицемерно да се зборува за фашизам, затоа што сите елементи кои што го потврдуваат фашизмот, односно го опишуваат како нешто што е како термин, како феномен, како проклество ги имаме во Македонија, меѓутоа, таму каде што не ја контролираме денеска нашата територија.

На крај околу чуствата и таа интересна теза на господинот Зибери дека имало некои пишман аџии што сме се договарале и незнам како што, јас ќе ви кажам најотворено, не исклучувам можности и сила и позиција на тие што преговарале да преговараат. Меѓутоа, тоа не значи дека тие што преговарале не треба нас да не убедат дека ова е вистинската работа. Така што, она што го кажа господинот Зибери дека договорот нема дејство врз мене, најотворено ако тоа го интересираше и договорот мислам дека може да има само јако дејство од типот не поднесувам амаднмани и гласам се и наведнувам глава, само во случај да се сака по секоја цена да се дојде во наредната власт и во нареднат влада за незнам кои ветувања. Затоа, договорот нема дејство врз мене, затоа што тој договор не е направен во Парламент и согласно позицијата на Парламентот и нашите обврски како пратеници и неможе да има дејство. Освен, ако не видам со валидна аргументација убеден дека треба да го изгласам. Врз мене има дејство само совеста, одговорноста и чистата мисла.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот Фрчковски, претставникот на предлагачот.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Само едно објаснување кое се однесува до коментарот дека имало тенденциозни промени од страна на предлагачот во текстот на предложените амандмани. Имено, репер за преведувањето беше англискиот текст на кој се договараше поради учествувото на олеснувачите. Терминот кој го спомнавте во ставот 4 на амаднманот V од англискиот превод, преведен овдека после неколку консултации, бидејќи ние не сме експерти до крај на превод од англиски на македонски јазик е ваков каков што ви е приложен. Значи, директниот превод од англиски, да не го цитирам овдека, е ваков каков што стои овде, дополнително со така-нареченото толкување на целта на договорот од ставот 1 и 2 како што се поставени во членовите, произлегува ваквото толкување бидејќи македонскиот јазик е службен јазик на целата територија, единствен службен јазик на целата територија на Република Македонија и произлегува дека документите се издаваат прво на него и дополнително на службениот јазик кој го зборуваат најмалку 20%. Според тоа, преводот кој е најавен тука не се работи за никакво тенденциозно менување, што значи трик или лага од страна на предлагачот или подменување од страна предлагачот, искривоколчување на оригиналниот текст на договорот. Само тој коментар сакам да го дадам за да не остане нејасно по таа точка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Процедурално се јави господин Чедо Петров.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Господине претседателе, почитувани колеги пратеници, мислев да се јавам подоцна, меѓутоа еве господинот Фрчковски го иницираше ова мое јавување. Почитувана господо, доживеавме четири партии парламентарни да преговараат на англиски јазик. Да потпишат

договор на англиски јазик и сега да се мислиме тука преводот дали е вака или онака. Јасно, во Уставот на Република Македонија во членот 7 пишува: "Во Република Македонија службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо". Почитувана господо, овој договор го потпишавте на англиски јазик четири претседатели на парламентарни партии Нека ви е на чест. А, господинот Фрчковски како претставник на претседтелот и како претходен претставник на господинот Глигоров, сега и на господинот Трајковски за кој што имаме и поголемо досие овде во Собранието на Република Македонија и донесени заклучоци, го советувал господинот претседател Трајковски да потпише и тој како поднесувач на овие уставни промени и Рамковниот договор во Охрид, на англиски јазик. Благодарам.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Благодарам господине претседателе. Ова појаснување од господинот Фрчковски кај мене сега создава дилема. Дали можеби во целиот текст кој ние го гледавме како Нацрт-амандмани во претходна фаза, постојат вакви грешки, условно даречам или проблеми со предводот. Бидејќи и во расправата тогаш беше спомнато дека преводот е проблематичен. Тогаш, се поставува прашањето, што тогаш гледало Собранието во Нацрт-амандманите и што гледа сега. Кој од нас сега ќе верифицира точно кој бил адекватниот превод, дали е точно погодена суштината на мислата во англиската верзија и тн. Навистина, кај мене претставува страшна дилема, за што сме расправме тогаш и за што ќе расправаме сега, бидејќи станува збор за навистина суштински работи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро господинот Фрчковски сака да дообјасни.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Праксата на Собранието во ратификација на некој договори кој директно се потпишуваат на англиски јазик, веќе постои, Така што преведувањето ќе го решите на начин на кој го решавате во процедура во Собранието. Порано преведувавте од српски и не беше проблем, сега од англиски и тоа е. Јас знам за вас дека не е лесно, но во овој случај ќе треба да се евентуално да се прилагодиме и на тоа, бидејќи тоа е она што така разговаравме и така ќе разговараме во многу случаи понатаму. Тоа не може да биде проблем во ова Собрание. Има една или две точки кои остануваат проблематични и кои ќе ги решиме на овој начин.

Молам, забелешки за јазикот.

Господин Ристо Спанаков.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, дилемата што ја посочи господинот Никола Јованов, јас повторно ќе ја повторам уште еднаш. Според важечките прописи во Република Македонија и според членот 7, каде што децидно се кажува кој е службен јазик во Република Македонија, тука од страна на предлагачот пред мене имам еден текст кој што вели вака (реченицата ја кажува на англиски јазик).

(Зборува на англиски што предизвикареакции во салата: аплаузи , смеја, одобрување, негодување).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ајде да бидеме сериозни.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Вака, навистина не сакам да бидам циничен господине претседателе, меѓутоа сакам нешто друго да укажам.

Во Република Македонија според важечкиот Устав, службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо. Ние добиваме договор склучен во Охрид, потпишан во Скопје на англиски јазик и, ве молам, го поставувам прашањето дали таквиот договор има легитимитет правен, според Уставот, валиден за разговори, на кој што тука се повикуваат сите колеги пратеници? Дали е тој меѓународен договор, повторно ќе прашам или се работи за договор на политички партии во Република Македонија, со сведоци од меѓународните фактори.

Благодарам за вниманието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сигурно од мене не го барате одговорто. Само сакам да ви кажам нешто. Ајде ако може ние да работиме. не ни е ...

(Реакции во салата)

Ве молам само, чекајте само.

(Реакции во салата)

Верувајте, се среќаваме сега...

(Пратеникот Амди Бајрам бара да зборува со барање дека сака да се обрати за истото прашање).

Дајте јас да кажам малку. Сите забелешки мене ми ги упатувате. Да ви кажам нешто...

(Реакции во салата, а пратеникот Амди Бајрам упорно бара збор).

Нему после ќе му кажеме.

(Пратеникот бара збор).

По истото прашање?

(Пратеникот Амди Бајрам, стана од место, бара збор со зборовите дека се однесува за истото прашање).

Добро, ајде, Амди Бајрам има збор за истото прашање.

**АМДИ БАЈРАМ**

Почитуван претседателе, почитувани гости овде, заступници, а не заступници на претставникот, на предлагачот на претседателот, затоа што цертификат никој нема од претседателот. Јас не ги признавам

како легитимни затоа што не се легитимни. Во оваа сала не се избрани од никого и немаат право да влезат во оваа сала. Никој од нив двајцата овде не е министер, не е некаде застапник, туку кај претседателот горе во Кабинетот може само таму предлози да даваат.

Овде, на нас пратениците не треба да ни солат памет, г-дине Претседателе. Видете што е работата. Јас барам од сите пратеници, ако претседателот на државата кога имаше криза и кога се појавија сите овие работи, можеше сите претседатели на парламентарни партии да не свикува и нонстоп да заседаваме горе. Кога се работи во завиена форма, скриен документ, мимо македонскиот јазик и толкување на друго, требаше на сите нас овде, лидери на парламентарни групи, што сме застапници на политички партии во парламентот, требаше да не свика како што не свика кога му загусти. И сега требаше да не свика пред да почне оваа седница со овие амандмани, да ни образложи да ни каже што се случува, како се случува, што е потпишано, затоа што ние, таму потпишаа само четворица, а не потпишавме другите што сме овде, застапници на политички партии од парламентот. А сега, доаѓа во Парламентот да гласаме ние, лидерите на политичките партии, застапници на националностите.

Мислам, доколку се работи за некоја реалност и искреност кон граѓаните кои ги застапуваме тука, оваја седница би требало да ја прекинеме, претседателот не свика сите лидери од парламентто кои сме, парламентарни партии, нека објасни како треба, што треба да гласаме, ќе изгласаме, да се договориме и овде да не се напаѓаме меѓу себе и вакви работи да се случуваат. Најубаво горе да не свика, предлагам да ја прекинеме оваа седница, а господата кои дошле овде јас мислам тие, само партиски луѓе кои потпишале, јас ги признавам тие да дојдат овде и нека ни образложат. А господата не се меродавни. Претседателот на државата е меродавен овде, тој тука.

Затоа предлагам г-дине претседателе да ја прекинете седницата, претседателто на државата да не повика уште вечерва ако треба и утре да ја продолжиме седницата. Мислам дека не е реално. Да можеме на своите избирачи, на своите граѓани и овде на говорница по секој амандман, да не може ние да се матираме.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вака, седнете сега , ве молам...

(Пратеникот Амди Бајрам продолжува да зборува со зборовите дека доколку претседателот не може да ги прими, бара пауза од половина час од неговата пратеничка група).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам за тишина.

Добро, видете сега...

(Реакции во салата).

Почитувани пратеници..

(Реакциите во салата продолжуваат со разни дофрлувања).

Немојте да му дофрлувате сега. Не може овде да се води таков дијалог. Не бива. Вака ќе ја прекинеме работата, не чини така да се работи.

Сакам да ви кажам дека не ни е нам главната неволја што тој документ е на англиски јазик. Добро, може да се стават забелешки. Ние имаме многу поголеми неволји со кои сме соочени и што треба да ги совладуваме. Една од тие наши задачи што произлегува од таму се еве овие амандмани да ги гледаме, да видиме во постапка наша како ќе постапиме. Дали можеме да ги поправиме, колку можеме да ги поправиме или така ќе ги усвоиме или ќе ги отфрлиме или незнам што.

Сега, прикаски, зошто четворица потпишале, јас морам да ви кажам каде ќе ни беше крајот ако сите потпишат. Сакавте да потпишете и вие? Еве, четворица потпишале. Доста е сега.

(Пратеникот Амди Бајрам бара збор да реагира на излагањето на претседателот).

Чекајте уште малку. Имате на моето излагање процедура? Ова е некое многу чудно процедурално барање.

Само сакам да ви кажам, сите можете да кажете ако можете да помогнете, да се разјасниме за да оди работата. Но, пак да оди работата, да се погодиме да оди. Да видиме што можеме денес да направиме овде.

Има збор г-динот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Господине претседателе,

Видете, јас немам ништо против се. На моето излагање и за моето барање барам подршка од 10 пратеници, подршка за пауза, затоа што сакам претседателот, па нормално е, треба да не повика затоа што нешто не се јасни работите овде. Јас сум тој што треба да потпише. Барам од ваша страна да го спроведете моето барање, барам пауза и дали ќе ме подржат 10 пратеници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, еве зошто ги даваме овие паузи. Овие паузи ги даваме за доразјаснување и за доизградување на политичкиот став. За тоа ги даваме паузите сега. Вие сте едночлена група.

(Реакции во салата, со бурно реагирање од пратеникот Амди Бајрам)

**АМДИ БАЈРАМ:**

Господине претседателе, јас сум и со вас во коалиција. Тука сум и со другите партии. Има 66 пратеници. И како такви барам подршка од 10 пратеници дали ќе ме подржат. Да се договориме.

(Бурни реакции во салата, а претседателот предупредува на ред со ѕвоното).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, да создадеме атмосфера да работиме.

Не можам сега да дадам пауза. Ќе го замолам г-динот Амди Бајрам оваа средба со претседателот да ја оствари после седница на Собранието да не правиме пауза.

(Пратеникот Амди Бајрам упорно бара прекинување на седницата, бара пауза и бара подршка од пратеничките групи).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Реков дека не давам пауза.

Има збор г-дин Спанаков.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Почитуван претседателе,

Барав процедурално од една причина. Вечерва, 25 октомври е национален ден на Република Австрија. Поголем дел од пратениците имаат покана во 19,00 часот за свечен прием. Вие најавивте дека ќе работиме до 20,00 часот. Би ве замолил, доколку постои можност, расправата да ја прекинеме во 19,00 часот, за да можеме да присуствувамв на тој свечен прием во Австриската амбасада.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега и вака да им го честитаме празникот на државјаните и на функционерите на Република Австрија. И јас ја имам таа покана. Меѓутоа, ние сепак да работиме.

Има збор г-динот Етеми Фатмир.

**ФАТМИР ЕТЕМИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господо пратеници,

Мислам дека со нашиот однос самите себе се девалвираме и Собранието фактички го девалвираме вака. А посебно, мислам претседателот, за вакви сериозни теми треба многу сериозни да бидеме тука.

Со дел од предлогот на амандманите што ги предложи претседателто на државата, односно претседателот на Собранието а не со сите амандмани што поминаа во втората фаза, во втората фаза, мислам лошо се тактизира од страна на предлагачот. Мислам дека сака директно да го влечка политичкиот процес.

Нашето присуство тука ќе биде, зборувам за пратениците од ДПА само за општата расправа. А, кога ќе дојде времето за гласање ние ќе учествуваме само доколку ги видиме сите амандмнаи предвидени со Рамковниот договор.

Рамковниот договор треба да помине во целокупна форма, бидејки секоја измена на договорот, тој договор ќе се смета за ништавен. Аргументите од страна на Кабинетот на претседателто дека не можат сите амандмани да ги поднесат на време, бидејки има многу забелешки од јавната расправа на амандманите, им треба пвоеќе време за разгледување и проучување на амандманите, мислам дека тие аргументи не држат и мислам дека е тоа класично тактизирање, маневрирање, за влечкање на парламентарната процедура што оди на штета на сите граѓани на Република Македонција. Посебно ова влечкање на процедурата, одложување на процедурата оди на штета на расвлените лица, на оние што се бегалци, што имаат рушени куќи, тие што останаа без домови, тие што претрпеа најмногу штета од оваа криза.

Мислам дека сме должни процедурата да ја завршиме што побрзо и тие проблеми да ги решаваме.

Сите тие што дадоа ветување дека *ќе* го почитуваат ветеното, сите тие што го потпишаа Рамковниот договор и не го исполнуваат тоа што го договориле, мислам дека меѓународната заедница како гарант на тој Рамковен договор, нема да го толерира. Зашто за тој договор сите вложија многу труд, пари, време. Само за операцијата "Неопходна жетва", само за подготвување и спроведување на таа акција НАТО потроши многу труд, време. Тука, како што знаете, дојдоа 5 илјади војници. Собираа одружје. Тие го уништуваа оружјето. Тие ја расформираа ОНА. И на крај, тие 5 илјади војници се вратија. Сета таа сложена воено-политичка операција за Меѓународната заедница чинеше многу. Мислам дека тие нема да дозволат овој процес да пропадне, бидејки имаат и други механизми на Македонија да и наложат да го спроведе Рамковниот договор. Тоа се механизми како што се изолација, санкции, можеби и воведување протекторат на државата. Затоа мислам дека Македонија нема сила да се спротивстави против Меѓународната заедница и ќе бидеме принудени, можеби сите нивни, да не кажам диктати да ги спроведеме, бидејки за тоа ние потпишавме.

Господо пратеници, денеска расправаме во подобри услови од тие што ги имавме на почетокто на иницијативата за промена на Уставот. Сега немаме вооружени дејства. Инцидентите, за среќа, се намалуваат. Значи, работиме колку-толку во порелаксирана атмосфера. Иако политичката клима мислам дека се стабнилизира процедурата за имплементација на договорот се влечка, што доведе и до одложување на донаторската конференција. Таа е многу значајна за Македонија. Со одложувањето на донаторската конференција губиме многу значајна финансиска инфузија. Последиците од ова ќе ги почувствуваат сите граѓани и стопанственици. Затоа Владата ќе биде принудена да го воведе непопуларниот воен данок и во 2002 година што ќе биде голем

товар за сите граѓани и за сите фирми. А, посебно за оние кои имаат уништени домови бидејки тие очекуваат од оваа Донаторска конференција дека ќе добијат нешто за своите уништени домови. Никој не мисли за нив како ќе ја поминат оваа зима. Тие кои останаа 6ез домови.

Потпишувањето на Рамковниот договор во Охрид јас го сметав за голем успех за потписниците и за Макеоднија. Бидејки со тоа се кажа крај на неколкумесечниот конфликт во Македонија и го отвори политичкиот мировен процес во македонија. Но, за жал. чекорите што беа предвидени со овој Рамковен договор, за имплементацija за договореното се влечкаат и уште се создава несигурност кај граѓаните.

Ние господо пратеници со измените и дополнувањата на Уставот на РМ веќе доцниме 10 години што се зад нас. Тоа покажува и докажува дека овој Устав има многу мани. Има многу делови што требаа да бидат и порано променети. Но, Уставот секогаш треба да се проверува низ практиката и треба да градиме уставно-правна основа што нема да создава проблеми, туку ќе отвора перспектива за подобар живот за сите. Ова ни се случи затоа што бевме глуви на перманентните барања на една етничка заедница. Зошто владетелите и опозиционерите немаа храброст и смелост да направат поцелосни промени во нашиот Устав и да донесат закони што ќе бидат во согласност со реалноста и времето. Сигурно коренот на кризата е од порано.Многу од отворените прашања, место да се решат проблемите, проблемтие се наталожија до тој степен што дојде до ескалација на ситуацијата и не доведе вов аква состојба.

Секогаш во владеењето на една политичка гарнитура или оправдување за непреземени чекори за покрупни уставни промени им беа алиби опозиционерските партии. Демек, овие вторите, опозиционерите нема да се согласат и ќе направат бунт. Но, пполитичките партии, посебно нивните претседателства или елити или интелектуалци треба да имаат визија и стратегија за решавање на сите тековни проблеми и тие кои ќе можат да дојдат во иднина.

Никако не смееме да дозволиме да дојдеме во ситуација како што дојдовме од која тешко се излегува. Кај нас, за жал, политичките партии, зависно дали се опозиција или позиција или се наоѓаат пред изборна кампања, ставовите брзо ги менуваат, без оглед на последиците.

Како што знаете, едно време г-динот Васил Топурковски прокламираше меѓунационален историски договор меѓу албанците и, македонцит еи албанците. Но, тогаш тој предлго не беше прифатен од поширокиот круг партии од македонскиот.

Тука негативна улога играат, за жал, медиумите. Едновреме и професорот Климовски, колегата прокламираше говор на албански јазик од парламентрна говорница, но, ни тоа не беше пречекано убаво. Сега ме чуди како пратениците од истата партија наместо да имаат уште по либерален став во смисла на еволуција на демократските процеси, тие со нивните ставови и дискусии како да иницираат сегрегациони процеси. За жал, ставовите ги менуваат во зависност од тоа дали се позиција или опозиција, што мислам дека за една сериозна партија тоа не смее да си дозволи.

Со целокупноста на предложените промени, доколку ќе бидат усвоени, мислам дека ќе се зајакне граѓанскиот карактер на државата и ќе ја поттикнува лојалноста на граѓаните кон државата. Во XXI век државата во современи услови се темели на полуграѓанска рамноправност, комбинирана со слободно изразување на јазиците етничките и воопшто културните идентитети поинаку од мнозинското население.

Би се осврнал и на амандманот 5, бидјеќи е прв на раз гледување каде се регулира употребата на јазиците на Република Македонија.

Ставот 1 е непроменет каде на целата триторија на Република Македонија и во нејзините меѓународни односи службен јазик е македонскиот и неговото кирилско писмо. Има мала измена значи, и меѓународните односи каде се употребува македонскиот јазик.

Ставот 2 гласи, друг јазик кој го зборуваат најмалку 20% од населението, првобитна форма, а сега граѓаните, исто така, е службен јазик и неговото писмо во согласност со Законот.

Во натамошните членови се сака да се огрнаичи употребата на албанскиот јазик регулиран со закон. Затоа мислам дека сите ставови подолу од ставот 2 треба да се избришат.

Употребата на јазиците е решена во други држави зависно од степенот на демократијата и процентот на етничките заедници. На пример во Финска, државен јазик е Финскиот и Шведскиот. Иако Швеѓани во Финска има само 6%. Уставот на Финска во член 17 нагласува дека национални заедници во Финска се финскиот и шведскиот јазик. Секој има право гарантирано со закон без оглед дали е Финец или е Швеѓанец да го користи сопственито јазик пред судовите и другите органи и да ги прима сите официјални документи на сопствен мајчин јазик.

Уставот на Белгија во член 4 нагласува дека Белгија има 4 јазични региони во кои се зборува: француски, германски, холандски и во Брисел двојазично холандски и француски. Трите јазични заедници од кои процентуално доминираат Фламанците и Валонците, а во мал процент Германците.

Фламанците кои зборуваат Холандски ја претставуваат најголемата јазична заедница со

57% кои претежно живеат во северниот дел како Фландрија, а во Брисел претставуваат околу 1/6 од населението.

Валонците кои зборуваат Француски се населени јужно во Валонија и сочинуваат 42%, а во Брисел 80%, нешто слично како Скопје, односно како Македонија.

Третата заедница ја сочинуваат германците со 1%. Но, во 1898 година, актите на парламентот во Белгија се објавуваат на холандски и француски јазик, значи, сто и кусур години пред нас овие прашања ги решиле. Во 1932 година, официјално е воведена двојазичноста во земјата врз основа на целосна еднаквост на францускиот и холадскиот јазик.

Различни модели има во различни држави. Во Швајцарија имаме друг модел како што знаете федерација, а федерални единици се Кантоните каде во службена употреба е еден од јазиците германски, француски, италијански и ретро-романски јазик, староседелците кои се најмалубројни.

Или Уставот на Словенија во член 11 предвидува во општините каде живее италијанска и унгарска заедница, италијанскиот и унгарскиот се официјални јазици иако националните заедници италијанскиот и унгарскиот се во многу мал број.

Значи, употребата на јазиците во многу држави е решен на сличен или на друг начин, но многу години порано од кај нас.

На крај би сакал да го цитирам претседателот на Чешка Вацслав Хавел да се разбираме заемно, тоа не значи да се адаптираме подобро едни кон други, туку да умееме да ги опфатиме нашите респективни идентичности. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, нека влезат пратениците во саслата.

(пратениците влегуваат во салата).

Можеме да продолжиме.

За збор се јави г-динот Аце Сајковски.

Не е тука.

За збор се јави г-динот Мерсел Билали.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници.

По потпишувањето на овој славен, фамозен договор - спогодба изгледа како заедница, како држава, како претставници на државата почнавме да се однесуваме уникатно непримерно во комуникацијата во меѓународната заедница и тоа може да служи како пример во аналите односно дипломатските анали како најлошо се комуницира со меѓународниот фактор. Тоа сме ние. Општо е познато дека државите, без оглед на тоа дали се работи за големи или мали држави, силни или слаби држави, тие преземаат одделни обврски и обично е познато дека дури и најсилните држави опстојуваат во преземените обврски, така на пример е познато дека САД е потписник на бројни меѓународни договори на кои до крај опстојува или Англија со борјни колонии или Франција исто така со бројни држави кои веќе сега се држави колонии, а најчувствително беше прашањето на Алжир, па дури ако сакате и Милошевиќ кој бил толку голем тактичар да ја измамни целата меѓународна заедница кога веќе се потпишал до крај свесно и совесно ги извршувал обврските. Но, тоа е прашање жолкав државнички капацитет има и одговорност. Имено, кога кажувам државнички капацитет тука не се поставува прашањето на личните интереси, на личниот маркетинг на личниот рејтинг, туку се поставува прашањето на општиот интерес, на државниот интерес и неслучајно се вика државничка постава. Тука, човекот, кој презема таков чекор за спас на општи интереси, веројатно ќе влезе во историјата, поинаку веројатно ќе влезе во биологијата.

Во сите тие испади, напади, коментари, настапи кои беа од страна на некои претставници, па и потписници на оваа спогодба, перманентно се сервираше само една единствена вистина, а кога вистината е една единствена, таа е еднострана, таа е полувистина, таа е субјективна. Нормално, во таа полувистина, во таа субјективна вистина не може да биде поинаку освен дека таа спогодба која, дури и тој што самиот ја потпишал е добар за едниот и сосема лош за другиот. Имено, добар за албанците, а лош за македонците.

Мислам дека вистината, иако чест е тешко да се одреди вистината особено кога постојат повеќе вистини, меѓутоа, факт е дека секогаш или повеќепати вистината е во средината или во компромисните решенија. Значи, едно решение може да е добро, но не сосема добро и не до крај добро за двете страни или решението е лошо меѓутоа, не до крај лошо или не сосема лошо, сепак за двете страни. Меѓутоа, мислам дека е непријатно кога на јавноста се презентира само една вистина, само една правдина реков тоа е полувистина или субјективна вистина и нормално се остава простор со јавноста да се изманипулира дека на едната заедница се исполнува се, а на другата заедница се одзема се. Затоа јас си земам за право да кажам која е другата вистина, што не се презентира тука од претставниците на власта, а тоа е вистината на незадоволството од албанската страна. Тоа незадоволство е првенствено сегментирано на две точки.

Првата точка е прашањето на јазикот на кој амаднман сега расправаме и второто прашање е прашањето на високото образование на мајчин јазик што е исто така,со години се толкуваше дури и од страна на Уставниот суд како прашање кое е поврзано со службеноста на јазикот, иако не би требало да е така.

Имаше коментари, па и денеска имаше такви коментари и од научни структури. Незнам колку реално се научни,ако не се

тенденциозни дека ваквите формулации во предлогот на амандманот фактички Македонија односно државата ја доведоа до јазична федерализација. Воопшто како поим не ми е познато дали во науката и струката постои поим јазична федерализација. Меѓутоа, постојат и поинакви мислења. Тие поинакви мислења се дека ова решение кое ни се нуди тука е хибридно решение или хемафродитно решение, или во најмала рака компромисно решение.

Според мое мислење вака како што е сервирано амандманот V, не би рекол дека се работи ни за хибридно ни за хемафродитно, ни за компромисно решение, туку се работи за едно чудно решение, едно уникатно решение, решение кое тешко може да го најдете во некој друг политички систем или устав ш некоја друга држава. Тоа е докрај недефинирано решение што јас сум сигурен дека ќе произведе дополнителни конфликти во општеството и државата. Тоа е такво решение, што без оглед на тоа, како е дефинирано како службен јазик, тоа е службен јазик кој не е службен јазик, од причина што ставот 2, кој почнува дека "службен јазик и јазикот на заедницата која претставува најмалку 20% од населението", како што подолу е одредено, а подолу е одредено со ништо неодредено. Имено, може да се претпоставува дека се работи само за јазична комуникација или право да се комуницира на мајчин јазик како индивидуално право на граѓанинот или лицето. Зошто го кажувам тоа? Од причина што лицето има право да му се обрати на локалниот и државен орган или подрач ните единици на министерствата или на централниот орган на свој мајчин јазик што се претпоставува со документ, а тој орган има обврска тоа да го врати на македонски јазик како службен јазик и јазикот на странка-та која се обраќа до подрачното министерство или до централната власт.

Значи, тука е претпоставката дека априори до крај се комуницира до сите нивоа и во подрачните единици и во централната власт на македонски јазик, априори. Само кога е во прашање желба или волја, слободна волја на странката да се обрати на мајчин јазик, тогаш се активизира механизмот Амандманот V. Значи, тогаш произлегува обврската на државниот орган било да се работи за централна или локална да одговара дополнително на тој јазик. Тука секој може да з аклучи дека не се работи за службен јазик, затоа не случајно реков дека тој е службен јазик, кој не е службен.

Втор сегмент е, исто така поврзан со ова прашање односно со овој амандман, тоа е прашањето на високото образовнаие кое е чувствително прашање веќе една декада.

Досега од дискусиите на власта, од коментарите, па и од страна на Уставниот суд ова право се негираше од две причини.

Првата причина е членот 48 од постојниот Устав кој вели дека националностите имаа право само на основно и средно образование

Вториот аргумент на институциите па и на Уставниот суд е дека во државата постои само еден службен јазик, тоа е Македонскиот јазик и крилското писмо. Отука произлегуваат решенијата што ги знаеме. Затоа мислам дека тука пак ќе се соочиме, ако не изнајдеме решение, со едно чувствивелно прашање. Тоа е што ќе се прави со тие 10.000 студенти кои дипломирале или се во фаза на дипломирање, или се запишаа на тој универзитет.

Во Спогодбата се сакало да се најде некое решение што мислам дека тешко ќе го разреши тоа чувствително прашање, од причина што ние направивме кардинална грешка од почеток, тука од Собранието, па и од сите други институции. Најпрво што ние требаше да направиме овде, требаше комплетно, Рамковниот договор потпишан во Охрид од страна на четворицата лидери на политичките партии и претседателот на државата и двајцата надворешни претставници да се ратификува во ова Собрание, или немора да се ратификува, да ја помине процедурата во ова Собрание со што практично тоа ќе се претвореше во внатрешен поредок на државата. Тоа не е направено. Ние цело време тука расправаме само за Анексот на спогодбата, а тоа е 1/4 од Спогодбата, затоа што Рамковниот дел со начелните, а не со "Ц", а не со "Б", нигде ги нема. Тие не поминаа никаква процедура. Секој кој мисли на просторите и на мир, во иднина веројатно ќе треба длабоко да размисли за ова прашање. Зборувам за високото образование на мајчин јазик. Ако сакаме проблемите конечно да ги ставиме под катенц, за ова прашање, мислам дека треба да одговориме соодветно. Најискрено апелирам да се реши ова прашање.

И уште нешто сосема на крај.

Мислам дека овие работи, оваа процедура предолго трае. Со ова се покажува односно се поставува прашање целокупната одговорност на ова Собрание и целокупната одговорност на секој од нас поединечно, за состојбите во државата. Според некои проценки а мислам дека се меродавни проценки, секој ден државата ја чини околу еден милион долари економска штета. Зошто е тоа така? Така е затоа што ние молкум се наоѓаме под санкции, не само пред меѓународните финансиски институции како што е меѓународната банка за обнова и развој и ММФ и туку и бројни други финансиски институции, прашањето за инвестиции, прашањето на откажувањето на спогодбите меѓу трговските организации и другите фирми. Значи тоа доста не чини.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор има Г. Владо Поповски, во врска со излагањето на Биљали.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Ќе кажам нешто и во врска со тоа излагање и имаше претходно поставено прашања во врска со амандманот поврзан со членот 7 во

смисла дека предложените решенија се уникални, дека ги нема на друго место, дека вршиме експерименти односно дека се чудни решенијата.

Јас би сакал да дадам само една информација со претходен став дека решенијата од амандманот V се познати во Европската уставна пракса, дека тие во сите елементи, практично веќе се европска пракса.

Првото ниво, повеќе службени јазици, постојат и во федерални и во унитарни држави. Ќе ги наредам државите:

Во првата група, во која како официјални јазици се јазиците на сите јазични групи, обично се федералните држави, Швајцарија, Белгија.

Во втората група некои малцински јазици, но не сите можат да бидат исто така официјални. Тука се Финска, Израел, Нов Зеланд, Сингапур.

Во третата група, некои јазици на националностите, или малцински јазици имаат официјален статус, но на стрикно ниво, не на секое ниво што значи дека постојат рамноправни службени јазици, и службени јазици кои не се рамноправни по нивоата и линиите во кои се употребуваат.

Едно од решенијата во амандманот V е употреба втриот јазик што го зборуваат 20%, на пример во Парламентот и во комуникација со државните органи, на локално ниво и централно ниво. Во законодавните извршни тела на Владата, познато е употреба на повеќе јазици, во Швајцарија, Финска, Канада, Белгија, Нов Зеланд, Сингапур.

Во комуникација со административните власти, на ист начин е регулирано како што е и во амандманот. Постои во Финска, во Италија во Австрија, Шветска, Норвешка, на пример можам точно да ви укажам за начинот на регулирањето. Тоа е обраќање на нивниот јазик. Административната власт не смее да го одбие тоа обраќање затоа што е искажано на јазикот кој го говори и кој може да биде службен само на локално ниво, а се обраќа и во централните органи, или немора воопшто да биде службен, на пример како во Шветска, туку е малцински јазик кој нема службен статус и на сметка на Владата се прифаќа на тој јазик, се решава во процедурата и одговорот, покрај наш службениот јазик, се дава и на јазикот на странката што се обратила, што значи сите решенија во однос на дефиницијата на службеноста, во однос на потребата во Парламентот, па и неговите комитети, ако и прашањето на комуникацијата со државните органи, се пошироко познати, не се унитални, не се чудни, во таа смисла.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Процедурално за збор се јавува Г. Ненад Ристовски.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Дами и г-да.

Сакам да знам во кое својство г-динов го брани предлогот од Г. Борис Трајковски и дали има законска основа да влезе во ваква одбрана, бидејќи предлогот не е негов и нема овластување, според мене да влегува во вакви искурзии. Значи во кое својство, дали има законска основа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие имате допис од претседателот како предлагач. Вели претставници му се именуваните луѓе и тие можат да зборуваат.

Има збор Г.Абдула Алиу.

**АБДУЛА АЛИУ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

После долго време, повеќе од 10 години, конечно добивме текст на предлог амандмани на Уставот на РМ, со кои се гарантира корпусот на човековите права на граѓантие на РМ и етничките заедници, што ќе биде од интерес на интегритет на РМ.

Амандманите треба да рпетставуваат соодветна уставно-правна конкретизација на Рамковниот договор постигнат од лидерите на четирите поголеми партии застапени во овој Парламент.

Јавната расправа за Нацрт амандманите беше многу чудна. Од една страна албанците не беа активни, бидејќи беше договорено Рамковниот договор само да се изгласа во парламентот, во форма на иставни амандмани, без никаква измена на текстот. Познатите имиња како што се Робертсон, Солана, Мирчеа, Патен, Леотар и Пердју инсисстираа текстот од Рамковниот документ да се реализира без право на измена на ниедна запирка. Од друга страна Македонскиот блок се вклучи во јавна расправа за уставните промени, оркестрирани и со големи емоции. Беа против измените на Уставот и за жал тоа се правеше на многу неприфатлив начин. Уставните измени се претставуваат како опасност за државата, како голема трагедија за РМ, што етничките граѓани почнаа да веруваат на таквите изјави.

Со Уставните измени и имплементацијата на Рамковниот догово се очекува да се овозможи сите грагани на РМ да се осеќаат рамноправни.

Со нормативниот дел на Уставот треба да се менува или да се дополнат членовите на Уставот кои ја регулираат службената употреба на јазиците, темелните вредности на уставниот поредок, веркските заедници, правата на припадниците на заедниците и заштитата на историското и уметничкото богатство на заедниците, постапка за донесување на законите што директно ги засегаат интересите на припадниците на националностите, изборот и надлежностите на народниот правобранител, новиот институт-Комитет за односи меѓу

заедниците, именување на члено-вите на Советот за безбедност, изборот на определен број на членови на Републичкиот судски совет и на Уставниот суд на РМ, од редовите на заедниците, понатаму локалната самоуправа односно надлежностите на единиците на локалната самоуправа, како и промената на постапката за измена на Уставот на РМ.

Нацрт амандманот IV кој се однесува на преамбулата на Уставот на РМ, во јавната расправа беше еден од амандманите кои најмногу се критикуваше како непотребен односно се бараше да се измени, како што во текстот треба да се внесе изразот Македонски народ.

Се инсистира пеамбулата да не ја прогласи Македонија како граѓанска држава, туку како национална држава. Македонија се дефинира како граѓанска, а не како национална држава, со преамбулата која е предложена.

Во Рамковниот документ едногласно од сите се прифати граѓанскиот концепт на државата. Граѓанскиот концепт го поддржуваат сите експерти бидејќи се третира како нешто што е во тренд , во меѓународното право. Граѓански концепт на РМ е прифатен од страна на македонскит експерти. За албанците ова решение не е толку прифатливо, бидејќи албанците бараат Македонија да биде држава на Македонскиот и Албанскиот народ и на другите заедници.

Барањето на албанците да бидат државотворен народ има правна и политичка основа. Албанците се најмалку 1/3 од вкупното население на РМ. Понатаму албанците автотон народ на овие простори, каде живеат со векови. Значи само албанците се 1/3 од населението на една земја кои и понатаму се третираат како малцинство. Не постои земја во светот каде постои толкав број на население кое се третира како малцинство, а истовремено се и автовтони.

Се надеваме дека со граѓанската држава ќе исчезнат сите досегашни недоразбирања во врска со статусот и правата на националностите во РМ, иако сме свесни дека граѓанска држава во една мултиетничка земја ќе оди многу тешко, бидејќи кај меѓуетникумите постојат разлики во јазикот, верата, образованието, културата, економскиот развој традициите и сл. Во јавната расправа се бараше овој амандман да се иземни. Во овој момент тоа е невозможно, бидејќи тогаш ќе имаме несогласување меѓу преамбулата и нормативниот дел на уставните измени со амандманите од V до XVIII.

Ако во преамбулата се набројува народот, односно народите во Македонија и малцинствата, тогаш не постои правна логика да постојат правните термини кои се карактеристични за граѓанската држава, на пр. кој било граганин, мнозинство на население, друг јазик, заедниците кои не се мнозинство во РМ и сл. Јас како правник мислам дека Уставот на РМ ќе стане карикатура на национална и граѓанска држава. Така, со некоја нова измена на преамбулата од граѓанска во национална, ќе имаме етнизација на преамбулата, а деетнизирање на нормативниот дел на измените на Уставот. Со било која измена ќа перамбулата, или пак на некој друг амандман, ќе имаме една голема конфузија во самиот дел на Уставот. Ако дојде до некоја измена на преамбулата каде ќе фигурира само Македонскиот народ, Албанците и другите да не се спомнуваат, или пак да се спомнат како национално малцинство односно во ист ранг со Турцитре, Ромите и другите, тогаш албанците кои се 1/3 од вкупното население или неколку пати повеќе од останатите малцинства ќе бидат повредени морално, политички и физички. На таков начин се повредува среќата на Албанците за просперитетен живот во РМ.

Во преамбулата и во нормативниот текст на измените на Уставот Албанците треба да имаат статус на народ, како што и самиот Македонски народ, со кого заедно се бореа за ослободување од турската империја, па до ослободување од фашизмот, беа заедно за време на Крушевската Република, во паритетен состав во Собрание, 20 Македонци 20 Албанци, 20 Власи, а во претседателството под двајца членови од македонска, влашка и албанска националност. Заедничкиот живот на Македонците и Албанците продолжува и ден денес со една голема разлика. Сега Македонците се прв народ, а Албанците се третираат како малцинство односно не се рамноправни со Македонскиот народ. Ова може да биде само иронија на нова фарс-демократија во РМ.

Досегашното македонско законодавство не е целосно за положбата и статусот на заедниците кои не се мнозинска заедница, а особено етничката албанска заедница која заслужува посебна правна регулатива, на пр. како што е во Република Хрватска. Според Уставот таа Република има Уставен закон за човекови права и слободи и правата на етничките национални заедници и малцинства, како и повелбата за правата на Србите и другите националности во Република Хрватска.

За трансформација на една држава од национален концепт во граѓански концепт, не само што е многу тешко, туку треба да помине и долго време.

Некои автори тврдат дека основачите на 00Н биле длабоко убедени дека втората половина од XX век ќе биде ера на индивидуалните човекови права. Тие мислеле дека меѓунационалните конфликти ќе исчезнат, малцинското прашање ќе се заборави со еден автоматизам, со кој заштитата на универзалните човекови права на секој поединец, независно од расата, верата или етничката припадност. Меѓутоа, факт е дека и во најдемократските земји, со голема репутација за заштита на човековите права, како што се Белгија, Канада, Англија и другите, етничката припадност станува мобилизирачка и одлучувачка сила. Прифатено е

дека вистинската еднаквост на поединците кои се разликуваат културно, јазично, етничко и верски, неможат без диференциран третман и гарантирање на групните диференцирани права. Мултиетничка држава треба во локална самоуправа каде националностите доминираат, да ја ублажи и да ја балансира дискриминативанта политика на централната власт. Во РМ никој не е против изградба на граѓанска држава со која ќе имаме хармонизирање на меѓуетничките односи, надминување на мајоризацијата на едниот ентитет кон другиот, обезбедување на пропорционална застапеност во државните органи и јавните претпријатија, образование на мајчин јазик на сите нивоа, децентрализација на локалната власт и тн.

Меѓутоа, како што се гледа кај нас, со предложениот текст, под граѓанска држава се подразбира држава на една нација, еден јазик, или една вера. Ако е веќе така, а така е, бидејќи со уставните амандмани имаме само еден народ како државотворен, еден службен јазик, македонски, една доминантна вера, тогаш подобро е Македонија да се гради по принцип на национална држава и тоа почнувајќи од текстот на Преамбулата кој треба да гласи, сега не сакам да кажам, во друга прилика тоа ќе го кажам.

Сакав да кажам неколку збора за Амандманот V, кој се однесува на службениот јазик во Република Македонија. Точно е дека во Република Македонија само македонскиот јазик е прогласен како службен јазик, што значи дека албанскиот јазик и другите јазици на заедниците така се дефинираат и за нас тоа нема значење, не е многу значајно за нас, ако албанскиот јазик ќе биде само позади македонскиот јазик. На пример во локалната самоуправа, албанскиот јазик треба да биде рамноправен со македонскиот јазик, што значи дека целокупната постапка во органите кај локалната самоуправа треба да бидат двојазично, значи и на албански и на македонски, тоа ќе зависи од граѓаните кои бараат, или на кој јазик се служат. Ние мислевме дека со Амандманот V ќе се направи една разика измеѓу јазикот на заедницата, албанската заедница во однос на другите заедници. Од текстот тоа не се гледа, бидејќи сега процентот 20% не е на ниво на Република, туку е само на ниво на локалната самоуправа, што е многу понизок степен. Сакам да кажам дека ова решение што го имаме во овој амандман е едно од најниските решенија што постојат во земјите кои се мултиетнички. На пример, во Белгија имаме подобар статус, Канада, сакав да кажам и во една Југославија која вие сите знаете како беше критикувана и таму јазиците на заедниците се на еден повисок ранг од јазикот што е кај нас. Бидејќи во членот 15 во Социјалистичка Република Југославија се кажува: во службена употреба е српскиот јазик со јекавски и ијекавски изговор и кирилично писмо. На подрачјето на СР Југославија каде што живеат националнит малцинства во службена употреба се и нивните јазици и писма во согласност со законот. Има некои кои прават разлика помеѓу службена употреба и службен јазик во Република Македонија. Точно е дека и ние во Македонија ќе правиме разлика ако се одвоиме еден јазик да биде службен, а другиот да биде само во службена употреба. Само сакам да кажам дека во Хрватска нема службен јазик, туку има само јазик во службена употреба, во Република Српска исто, во Босна и Херцеговина исто, што значи не е толку драстично ако се каже ако имаат ист ранг и македонскиот и албанскиот јазик.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи немаме доволен број на присутни пратеници во салата, ја прекинувам седницата.

Седницата ќе продолжи утре во 14,оо часот.

(Седницата прекина со работа во 19,40 часот)